ИТІЯ
ИТИЈА

СТЫЙ НАУМЪ ОХРИДСКИЙ

ЛУЖБЫ
ЛУЖБИ

КАѲІСТЪ
КАТИСТ

НТІѢ
ИТИЈА

СТЫЙ НАУМЪ ОХРІДСКІЙ

ЛУ́ЖБЫ
ЛУЖБИ

КА́ѲІСТЪ
КАТИСТ

Охрид, 2024

Со благослов на Неговото Високопреосвештенство
Митрополит Дебарско-кичевски г. Тимотеј

Издава:

Македонска православна црква – Охридска архиепископија
Издавачка установа „Канео“ при
Дебарско-кичевската епархија – Охрид

Уредник на изданието:

Митрополит Тимотеј

Превод од црковнословенски јазик:

Архимандрит Нектарија (Наџдоски)

Јазична корекција:

Билјана Алексоска

Технички уредник:

Свештеник Димче Азески

Печати:

„Бранко Гапо“ – Скопје

Тираж:

500 примероци

СОДРЖИНА

ИТІЇ
ИТИЈА

Пе́рвое слове́нское житі̑е
Прво словенско житие 6

Второ́е слове́нское житі̑е
Второ словенско житие 12

Пролошкото (грчко) житие 20

ЛУ́ЖБЫ
ЛУЖБИ

Предпра́здненство рж҃тва̀ Хр҃то́ва и па́мѧть преподо́бнагѡ ѻ҆тца̀ на́шегѡ Наѹ́ма О҆хрі̑дскагѡ чѹдотво́рца
Претпразненство на раѓањето на нашиот Господ Исус Христос и спомен на преподобниот наш отец Наум, охридскиот чудотворец 28

Па́мѧть преподо́бнагѡ ѻ҆тца̀ на́шегѡ Наѹ́ма О҆хрі̑дскагѡ чѹдотво́рца
Спомен на преподобниот наш отец Наум, охридскиот чудотворец 116

КА́ѲІСТЪ
КАТИСТ

178

НТІѦ
ИТИЈА

житіе

Первое словенское житіе стому Науму Охридскому

Ц҃а, декевріа, к҃г па́мѣть прпобнаго ѡ҃ца на́шего Наꙋма:

И҆ се же бра́тіе да не ѡста́нетъ безъ па́мѣти, бра́тъ се́го бла́женнаго Кли́мента и҆ сьподроу́гъ и҆ сьстра́стникъ. Сь ни́мже и҆ поста҃ра мно́гыи бѣ́ды и҆ стрѣ҃ни ѿ ѥре́тигъ, Наоꙋ́мъ презвꙋ́теръ сы́.

Ꙗ҆гда̀ поста́внише і҆еп҃ко́па Кліме́нта тьждѐ бл҃говѣ́рніи цр҃ь Сі҃мео́нъ, пꙋ́сти Наоꙋ́ма подроуга ѥмоу̀ въ не́го мѣ́сто на ꙋчи́тельство. И҆ ть҃", таждѐ подви́заніа на бг҃оугодіе тво́рі пр҃бы́ваше. дѣ҃вьство и҆мѣ́вь ѿ дѣ́тьства и҆ до кончи́ны сътво́ри сы монасти́рь на и҆схо́дь бѣ́лаго ѥзе́ра цр҃квь ст҃ѣ а҆рхг҃лъ и҆ прѣ҃бы въ оучи́телствѣ, з҃ лѣ́ прости се оучи́тельства и҆ ш҃ь въ монасти́рѣ пожи і҃ лѣ́тъ. И҆ на кончи́ноу свою̀ прі́етъ чрьнь́чьскіи ѡ҃бра́зъ. та́ко по́чи ѡ҃ гн҃, со́ ми́рѡ мц҃а декевріа, к҃г. И҆ се" же да е вѣ́домо. прѣ҃же ѕ҃ лѣ́тъ почи Наоꙋ́мъ презвꙋ́теръ є҆п҃ко́па Кли́мента.

И҆ се" же вѣдо́мо боу́ди вьсѣ́мь почи́тающомꙋ ꙗ҆коже прѣ҃же напи́сахѡ. ꙗ҆ко ѥре́тіци ѡ҃вы моу́чнше мно́го. а҆ дроу́гьніе прода́ше Жи́домь на цѣ́нѣ презві́теры и҆ діа́кони. Тьі̑ же Жидове ноѥ́мше и вѣ́доше къ Беньтко́мъ, и҆ въні́егда̀ про́да́хоу є҆ по строе́нію

ПРВО СЛОВЕНСКО ЖИТИЕ НА СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ

Месец декември 23, спомен на нашиот преподобен отец Наум.

– Еве, браќа, да не остане без спомен, брат му на блаженото Климента и негов содругар и сострадалник, со кого тој истргал многу маки и страдања од еретиците, презвитерот Наум.

Кога го поставија Климента за епископ, истиот благоверен цар Симеон го испрати Наума другарот негов на негово место за учител. И тој беше таму, чинејќи богоугодни подвизи. Беше девствен од детство до смрт и си согради манастир на излезот на Белото Езеро, црква на светите архангели. И откако помина во учителствување седум години, се прости од учителството, па отиде в манастир и поживеа доста години. И пред својот конец прими калуѓерски чин и така почина во Господа, со мир, во месец декември, на дваесет и третиот ден. И тоа да се знае дека Наум презвитер, почина шест години пред епископот Климент.

И ова да го знаат сите почитатели, како што напишавме порано, дека еретиците едните ги мачеа многу, а другите ги продадоа на Евреи за пари, презвитерите и ѓаконите. Нив Евреи ги зедоа и ги одведоа во Венеција и кога ги продаваа, по наредба Божја, дојде тогаш царски маж во Венеција од Константин град, по царска работа. И кога дозна царскиот маж за нив, едни откупи,

житіе

бжїю. прїидѣ же тогда̀ цр҃ь моужь кь Беньткомь ѿ Коньстантина града. цр҃е дѣло дѣлае. И ѹвѣдѣвь ѻ нн҃. и ѡбынхъ искоупи цр҃ь моужъ и ѡбынхъ тако поемъ бѣ҃ въ Константїнъ градь. і сказа ѡ нн҃ цр҃ю Василїю. И ѹстроише ѥ пакы въ своѐ чины і саны презбїтеры и дїаконы, ꙗко̀же і прѣже бѣше и оуроки даше и никтоже вь работоу не оумрѣ ѝ ѻбїи вь Коньстантинѣ градѣ цр҃еми набдими покоѝ прїеше, ѡбыи въ Мѹсїискѹю землю пришьше съ великою чьстїю покоѝ прїеше.

А Моравская земля, ꙗко̀же бѣ" прорекль ст҃ыи Меѳодїе архїепископъ за безакоѝа дѣлма дѣль ѝхь, і ересы и за изгнанїе правовѣрныихь ѿц҃ь. и за стр҃ти ѝхже прїеше ѿ еретїкъ. ѝмже ѡны вѣроваше, вь скорѣ мьстъ прїеше ѿ бг҃а. Не по мнозѣ же лѣтѣ прїидоше Оугри̇ пешнскїи ѥзыкь. и поплѣнише землю ѝ и опоустише ю. ѝхже бѡ не поплѣнише Оугри̇. то" въ Мѹсию бѣжааше и ѡста̀ земля ѝхь поуста Оугромъ вь власть.

Аз же братїе ѡкаанныи многоу печаль и памети блаженныи ѿц҃ь нши ради̇. хотѣще обрѣсти житїе ѝхь вьсѐ написанно. иже ѿ начела быше бѣ҃лы вьсѐ житїе н҃. ꙗко на дльзѣ и до кончины, и не обрѣтохь мало бѡ азь вѣдѣ. еліко же ми сами блаженныи ѡц҃и сказаше и нѹждахь се писати и не смѣꙗ. хотѣ веще обрѣсти написанно. Да и ѥще аще кто обрѣщеть

а едни зеде со себе и ги одведе во Константин град и му кажа за нив на царот Василиј. И пак ги вратија во нивниот чин, свештенички чин или ѓаконски, како што беа порано, и испеаја молитви на благородност, и никој не умре во ропство, но едни добија засолниште од царот во Константин град, а други отидоа и се прибраа со голема чест во Мизијската земја.

А Моравската земја, како што беше прорекол свети Методија, архиепископ, поради беззаконијата на нивните дела и ереси и поради изгонувањето на правоверните отци и заради нивните страдања што ги поднесоа од еретиците, на кои тие им веруваа, набргу примија одмазда од Бога. И не по многу години, дојдоа Угрите, пеонски народ, и ја попленија земјата и ја запустеа. Тие што не ги запленија Угрите, избегаа во Мизија и остана земјата нивна пуста под угарска власт.

А јас, браќа, окајан од многу печал и заради споменот на нашите блажени отци, сакав да најдам сè што е напишано за животот нивни, како го воделе сиот нивни живот од почеток до крај и не најдов, оти јас малку знам, само тоа што ми го кажувале самите блажени отци и имав потреба да пишувам, но не смеев сакајќи да најдам повеќе напишано. И уште, ако најде некој нешто напишано од други, нека не нè презира нас сиромаси и прости, оти јас знам дека повеќе од ова сториле отците и сториле многу чуда, но ова е сè што ни раскажале, а другото го сокрија од своја скромност.

Еве, јас самиот се принудив, повеќе и владиката ме насрчи, којшто, исто така, беше ученик на бла-

житїѧ

и҆нѣми напи́сано. Да не зазрить насъ ꙋ҆богыихъ и҆ гроу́быихъ. вѣ҃ бѡ҃ ꙗ҆́ко множае сє́го сꙋ́ть сьтворили ѡ҆ц҃и. и҆ знаменїа сьтворили мно́гаа. и҆ь се҃ є҆лїко намъ ска́заше а҆ дроу́га пота́ише за смѣре́нїе и҆.

Се же са́мъ доноу́дих се па́че же вл҃ка ме поо́ꙋстѝ. и҆же и҆ та́коже сє́го бл҃женнаго Клїмента оу҆че́ннкь бы́вь. Ма́рко є҆пко́пь бы́вь въ Деволсцѣи є҆пско́пїи. че́тврьтїи є҆пїско́пь вь Сло́венскїи є҆зыкь бы҃ Дѣволы. Надѣꙗ́ховѣ бѡ҃ се ѿ бл҃женныи҆ сы҃ ѿц҃ь моли́твы и҆ ми́лость прїе́ти, и҆ бл҃гть и҆ ѻ҆ставлєнїе грѣ́хѡвь ѿ мл҃тиваго ба҃ на́шего. и҆же ре҃ прїемлєнѝ прѡ́рка въ и҆ме прѡ́рче. мьзо҃ꙋ прѡ́рчю прїемет и҆ прїемлєн пра́веднка въ и҆ме праведнче. мьзо҃ꙋ пра́веднчю прїнметь. И҆ пакы̀ рече бж҃ьстьвнїи а҆пл҃ь Па́велъ. помни́те и҆гоумены ва́ше и҆же гл҃аше вамъ сло́во бж҃їе. и҆хже взы́рающе на сконча́нїе жи́тїа. по҃беще се вѣ́рою. Тѣмжѐ и҆ мы́ бра́тїе, по҃бим се бла́женныи҆ си́хъ добро́моу жи́тїю. и҆же дѣ́вство и҆ чи́стотоу всоу̀ сьхрани́ше. мно́гыи бѣ́ды и напасти пострѧ́ше правїе вѣ́ры̀ бж҃їа дѣла̀. да и҆ мы съ ни́ми вѣ́чнаа бл҃гаа оу҆лоу́чимъ. ѿ х҃ѣ і҃ѣ гн҃ на́шемь. є҆моу́ же є҆́сть сла҃ ѻ҆цоу҃ и҆ ст҃омꙋ дх҃оу. и҆ нн҃ꙗ и҆ при́сно и҆ въ вѣ́кы вѣ́комь, а҆ми́нь: ~

жениот Климента, Марко епископ во Деволската епархија, четврти епископ на словенскиот народ што беше во Девол. Ние се надеваме обајцата да добиеме милост и молитви од овие блажени отци, и благодат и опростување на гревовите на нашиот милостив Бог, Којшто вели: *Тој што го прима пророкот во името пророчко, ќе добие пророчка награда.* И пак рече божествениот апостол Павле: *Помнете ги вашите учители кои ви го кажувале словото Божје, и обѕирајќи се на крајот на нивниот живот, следете ја верата нивна.*

Затоа и ние, браќа, да се уподобиме на добриот живот на овие блажени, кои девственоста и чистотата наполно ја дочувале. Тие истрпеа многу беди и страдања заради вистинската Божја вера, па и ние со нив ќе најдеме вечна добрина кај Христа Исуса, Господа наш. Негова да е славата и на Таткото и на Светиот Дух, и секогаш и во сите векови, амин"[1].

[1] Преводот на житиево е позајмен од „Книга за Климент", Скопје, 1966, 201 – 203.

житїѧ

Второе словенское житїе стому Наꙋму Ѻхридскому

Месеца декемврїа . кг . , памет прѣподобнаго и богоноснаго ѻ҆тца нашего Наꙋма, велнкаго чюдотворца, иже въ Ливанїе Дѣволско, близь града Охрида.

Сзи прѣподобны и велнкїи ѻ҆тцъ Наꙋмъ прозебѣ въ Минсїю. И по въспитаныи ѻ҆т благороднїих (родитель) его въмены благородствѡ и богатъство, всѣ ꙗко плевелы, и прилепи се равноапостолѡм Кѡнстандїнꙋ фїлосѡфꙋ и братꙋ емꙋ Медодїю, проходеште и оучеште рѡд мꙋсїнскы и далматїнскыи, последова их по въсꙋд, и ꙗже до стараго Рима.

И тамо блаженномꙋ Андрїанꙋ папе по откръвенны божїемъ нзвьнъ града съ всѣю ѡпрнтчѣю сана цръковнаго и градскаго прѣдсрѣте съ чїстнѡмже велнею. Богъ же поꙗвы чюдеса и исцѣленїа многа и прославы светыи свои. Таже божїствною лꙋтꙋргїю въспѣваше, и Кѡнстантина фїлосѡфа въ иночьство пострїзаетъ и Кꙋрїлла именова и свештенныка поставлꙗеть, Медодїа же архїепископа Моравꙋ и всѣ Панонїе рꙋкоположы. По сьвръшены же лꙋтꙋргїе над всѣ кныге прѣводнмїе ѻ҆т грьчьскы въ славѧнскый езыкъ всѣмы показа, ибѡ самы книгы разгыбаюште

ВТОРО СЛОВЕНСКО ЖИТИЕ НА СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ

Месец декември (23), спомен на преподобниот и богоносниот наш отец Наум, големиот чудотворец, кој (живееше) во Ливание Деволско, во близина на градот Охрид.

Овој преподобен и голем отец Наум израсна во Минсија. И, по воспитанието од благородните (родители) негови, благородништвото и богатството ги сметаше за плевел; и се прилепи кон рамноапостолите: Константин Филозоф и братот негов Методиј, одејќи и учејќи го родот мизијски и далматијски; ги следеше нив насекаде, дури и во стариот Рим.

И таму, блажениот папа Андријан, по откровение Божјо, ги пречека надвор од градот со големо величие, со сиот клир црковен и државен. А Бог пројави многу чуда и исцеленија и ги прослави своите светии. Тогаш, божествена литургија испеаја; и Константина филозофот во монаштво го пострижа, и го нарече Кирил, и за свештеник го постави. А Методија го ракоположи за архиепископ на Моравија и цела Панонија. По завршувањето, пак, на литургијата, над сите книги, преведени од грчки на славјански јазик, им ги покажа на сите, бидејќи самите книги се отвораа и се раскажуваа. И папата, рече: „Благословен е Бог; овие книги се вистинска жртва

се, и казовахо се. И рече папа: благословенъ Богъ, сіе книгы сут истинная жрътва приношенія животны благоугодни Боговы. Тѣмже и Климента и Наума съ прочінми свештенници и діаконы рукоположы и заповѣда ꙗко да се всѣ правило съвръшитъ, вечерное и утрьное, славѧнскаго писанія въ великы храм светаго апостола Петра и Павла ѡ неже и быс, такожде и литургія от всѣх купно съвръши се и ѡ всѣ Бога прославише, показавшаго такова чюдеса. Ибо въ неколіко врѣме скончавает сѣ въ Риму богоносны Курілль месеца ферфарія. ді. и положи се всѣхвалное тѣлѡ его въ храмъ светаго Климента Римскаго, ученика светаго апостола Петра. Богъ же показа чудѣса и знаменія светынмъ Курілѡм и по съмрьти и прославы своего угодника истиннаго. Медодія же отложи жалост приснаго брата своего Курілла и прнемъ от блаженнаго Андріана папу распустѣніе, и съ всѣми ученицы отиде въ Панонну, въ град Мораву, иже наследы архіеренствѡм и тамо устроивъ добрѣ и научивъ.

По съмрьти же Медодія наста въ архіеренство некоторн влъхвъ, Виглиско именемъ, исплъни ереси Македонія и Аполінарія, и разврати веса ученія Медодіева, и ученицы его много томивъ и тъмницы и узи веліе прѣдаде. Светын же Богу помоливе се, и трусі быветъ великъ и двое и трое, ꙗко всѣм изъ

принесена од живот благоугоден на Бога". Затоа, и Климента и Наума, со останатите, ги ракоположи за свештеници и ѓакони, и заповеда да се изврши (отслужи) целото правило: вечерна и утрена, на славјанското писание, во големиот храм на светите апостоли Петар и Павле; исто така, и литургијата од сите заедно се изврши и за сето Го прославија Бога Којшто покажа такви чуда. Но, по некое време се упокои во Рим богоносниот Кирил, во месец февруари (14) и се положи неговото прославено тело во храмот на свети Климент Римски, ученикот на светиот апостол Петар. А Бог покажа чуда и знаци преку свети Кирила и по смртта; и го прослави Својот вистински угодник. Методиј, пак, ја одложи жалоста на својот сакан брат Кирил и откако прими отпуст од блажениот папа Андријан, со сите ученици отиде во Панонија, во градот Морава, каде што, преку архијерејството што го наследи, и таму сè добро уреди и научи.

А, по смртта на Методиј, постана архијереј некој си Влав, по име Виглиск, исполнет со македониевата и аполинариевата ерес, и ги изопачи сите Методиеви ученија, и неговите ученици многу ги казни и ги предаде во затвор и тешки окови. Светиите, пак, откако Му се помолија на Бога, настана голем земјотрес – и двапати и трипати, за да избегаат сите од домовите; се отворија вратите на затворот и веригите се раскинаа од нозете и рацете. И сите ги нарекоа големи светии; но духоборците ова го извретеа

домωвъ избегнути, разбрѣзают сѣ двѣры тъмницѣ и вериги раздрѣшают се ѡ ногах и рукахъ. И сему чудѣсы всы удивише се и светыих великіих нарекоше; нъ духωборцы сіа прѣтворише въ велзавула ꙗко же при Христе моемъ Іудеіе, и сихъ бо далече от землю съ томеніемъ веліемъ нжденуше.

Ѡвы же прах ѿ под ногама отрѣсоше, по писаное, и къ Дунаву землы пріидоше. И тамо некоторωму велмужоу єдинородна сына умрьшу, молитвамы въскрѣсоше, и дωм єго просвѣтише и съ инѣми многыміи весы тои, иже и чстію велію получише от всѣх, абіе устрьмише се къ великои рѣце Дунава и ту, молитвамы и чудѣсемъ божіемъ, трое дрѣвеса свѣзаютъ павитωм и име светѣи тронцы призиваютъ, прѣз онъ полъ прѣходут реку и достизаютъ Бѣлъграда; и тоу от кнѣза Радислава велію чсть въспрнемают и благословеніе и радωсть дадоше. Таже расеаше се овы по Мынсію, а овы по Далматію и Дакіу, и слово божіе оумножише по всуду сторицѣю.

Наум же и Климентъ пріидошѣ въ странах илирінскыхъ и лихнидонскыих и въ Ливаніе Дѣволское, при кран езера Охрітскаго града, междуречіе, великою обитѣлъ Наумъ сътвараетъ и храм чинωначелника Міханла архангела и всѣх сил небесних, съ богатъствωм и повелѣніемъ благочьстиваго цара блъгарскаго Міханла Бориша и сына его Сумеωна цара, тогда

како да е од Велзевула, како Јудејците за време на Христа мој; и нив ги изгонија со големо насилство далеку од земјата.

Овие, пак, откако го истресоа правот од под нозете, според Писанието, кон Дунавските земји дојдоа. И таму, на некој велможи, кому му умре синот единец, со молитви го воскреснаа и домот негов го просветија (покрстија), и со многу други села тамошни, од коишто и голема чест примија од сите; потоа, се упатија кон големата река Дунав; и тука, со молитви и чудо Божјо, откако врзаа три дрва со повит, и го повикаа името на Света Троица, поминаа на другата страна од реката и пристигнаа во Белград. И таму, од кнезот Радислав, примија голема чест, и благослов и радост му дадоа. Потоа, едни се расеаја по Минсија, а други по Далмација и Дакија; и словото Божјо го умножија насекаде стократно.

А Наум и Климент пристигнаа во пределите илирски и лихнидски и во Ливание Деволско; при крајот на езерото од Охридскиот град, во меѓуречието, Наум изгради голема обител (манастир), и храм на чиноначалникот Михаил – архангелот и на сите сили небесни, со богатството и повелбата на благочестивиот цар бугарски Михаил Борис и синот негов цар Симеон, тогашната тековна година (6413–905). И откако уреди сè што Му е благоугодно на Бога, таму се упокои блаженото Наум во длабока старост и душата во Божји раце ја предаде во месец декември (23), и се погреба чесното тело негово од божествените раце

житіе

тѣкуште лѣто ҂ѕуги (6413 – 905). И вса благо-
угодна Богу оустроивъ ибо и тамо скончавает сѣ
блаженны Наумъ въ глъбокою старост и душу въ
руцѣ божїи прѣдадѣ мѣсеца декемврїа. кг. , и съпрѣ-
тавает се чїстное тѣло его божїственимы руками
архїереа Христова Климента Охридъскаго и полагает
се чъстно въ гробъ от десна(г)ѡ въск(р)їлїа храма. Богъ
же прославы его чюдесамы велїами, и всакы болести
и езы исцѣлгаетъ бѣсы изъганґаетъ.

на архијерејот Христов, Климент Охридскиот и се положи чесно в гроб со почести, од десната страна на храмот. Бог, пак, го прослави него со големи чуда; и секакви болести и рани исцелува и бесови изгонува.

житіѧ

ПРОЛОШКОТО (ГРЧКО) ЖИТИЕ НА СВЕТИ НАУМ[2]

Во истиот месец, јуни дваесетти, спомен на светиот и богоносниот отец наш Наум чудотворецот, Наум славата и на Славјаните и на Мизите многу ја рашири. Со привлечни зборови, панихиди и напори, по осмиот (ден) на (месецот) Посидеон завршувајќи како богомудар, се качи на небото, кај соборците.

Тој Божји и прочуен отец наш Наум цутеше во времето на светите Кирил и Методиј, кои тогаш престојуваа во деловите на Мизија и со божја ревност се бореа против многу (нешта) за да ги преобратат забараните еретичките народи во православието. На овие, значи, чудесни мажи и проповедници на вистината станал следбеник светиот Наум, и целосно предавајќи се себе си во нивните раце ги посети, со нив, сите градови и земји, (и беше) тепан, каран, злоставуван, поднесувајќи неверојатни и долги маки и болки, затворања, таги, и камшици и прогонувања од непријателите на Христа и верата. И за да привлечат многумина кон спознавање на Христа и за да ги осветлат со

[2] Кон податоците и ставовите во *Пролошкото (грчко) житие на свети Наум* треба критичко однесување. Нив научно ги има обработено и коментирано проф. д-р Ристо Меловски во книгата „Москополскиот зборник" (Скопје, 1996, 79-95), чиј превод од грчки јазик го користиме без научната апаратура. Меѓу најгрубите грешки е историската неточност за смртта на свети Кирил и на свети Климент.

светлината кон побожноста и разбирањето на *Светото писмо*, го преведоа Божјото Писмо, *Стариот и Новиот (завет)* од грчки јазик на јазикот на Славјаните, доведувајќи го славјанскиот дијалект до големо разбирање со букви и со некои зборови што тие ги изумија. Но, пред да им го објават ова полезно и пресвето дело на овие народи, блажените Наум, Кирил и Методиј и Климент, заедно со нив и пресветите рамноапостоли, сложно посакаа да ѝ го покажат на Католичката црква за да добие важност и потврда. Земајќи ја, значи, *Библијата*, поттикнати од Светиот Дух, стигнаа во старата престолнина на Ромеите. Тогаш беше таму архијереј Великиот Адријан, кој, дознавајќи за доаѓањето на светците, ги пречека на големо растојание (од Рим) со сиот негов свештенички синод и величенствено ги почести како што им доликува на такви пресвети лица. Светиот Наум, како помлад од неговите придружници и според божјата ревност многу позагреан, прв трчаше и повеќе се бореше, покажувајќи дека не е соработник на тие свети учители туку слуга и роб. Оттука слушаше со голема исполнителност и трудољубиво ги извршуваше сите (работи) што му беа заповедани. Таму, значи, додека влегуваа во градот големи и извонредни чуда покажа Господ преку неговите служители, славејќи ги оние што го слават Него. И бидејќи многу слепи прогледаа, многу фатени се исправија, глуви и неми прослушаа и прозбореа, сакати проодеја, а други се ослободија од нечисти духови и разни болести, во овие чуда и други откровенија архијерејот виде

Божји знак, сознавајќи дека делото беше од Бога. Ги замоли светците да му ги покажат книгите што ги преведоа. Донесувајќи му ги нив пред него, ги прегледа со голема совесност, споредувајќи го грчкиот со славјанскиот (превод) и наоѓајќи ги во сѐ согласни и истоветни, ги потврди и ги одобри (дека) имаат веродостојност и сигурност за да се дадат за широко учење во земјата на Славјаните заради целосно разбирање на побожноста.

Откако светците го исполнија богосаканото дело, сакајќи да се вратат назад секој во своето место, притрча речиси сиот народ на нивното испраќање и заедно ги испратија со голема чест и уважение. Притрчуваа и оние што имаа маки и болештини и се излекуваа. Ама начинот како тие го добиваа здравјето е чудесен и достоен некој да го раскаже, бидејќи кога очите на светците ги погледнуваа болните, веднаш се ослободуваа од секоја болест што ја имаа. Толку беа миловидни и пресвети луѓе што од нивните очи излегуваше исцелителна милост што ги истеруваше од човечките тела сите болести и патила. Сосила се раздeлуваа сите оние што ги испраќаа со безброј солзи и жални лица и на крајот се поздравуваа еден со друг со бакнежи и духовни допири, предавајќи си ја едни на други светоста, го одеа својот пат.

И додека великиот Кирил, водачот и учител на ова богоугодно дело, остана во Рим и таму, достигнувајќи длабока старост, го остави овој привремен и мачен живот и се упати кон чистиот и лесниот за да ужива заедно со саканиот Христос, правејќи по својата смрт небројени чуда, и

лекувајќи ги оние што беа притиснати од секаква болест и духовна слабост и секое ѓаволско дејствување. Чудесниот Методиј, многу ражалостен од разделбата со него, ги прифати неговите ученици чиј дел, не така мал, беше и богоносниот Наум и реши пак да се врати во земјата на Славјаните. Почна, значи, да го управува пловилото кон илирскиот дел и, минувајќи кај многу народи што се наоѓаа на маршутата на патот, втаса со неговите придружници во земјата на Аламаните, варварско племе, а гордо, совладувано прекумера од лутина и на многу ереси подложно и (со) многу пцости за Светиот Дух. Ја држат на некој начин еретичката безумност на празномислечкиот Аполинариј. И бидејќи светците почнаа таму силно да се борат против нивните пцости и силно да се борат за Светиот Дух, привлекувајќи многу народ катадневно во православието, варварите се кренаа против нив со мечеви и други оружја и фаќајќи ги ѓелатите на оној владетел ги искамшикуваа многу, дерејќи им го месото. И мачејќи ги безмилосно со разни други измачувања, потоа ги фрлија в затвор.

Ама Господ, Кој не допушта така да им се потсмеваат и безмилосно да се обесчестуваат неговите раби, што направи? Додека светците се наоѓаа во затворот и едногласно пееја со сета душа и срце: Господе, твојот пресветол дух..., О чудо! Веднаш голем земјотрес стана, толкав што се затресе целото место и паднаа бедемите и многу куќи на тираните, паднаа и синџирите и прангите од рацете и нозете на светците, и се отворија вратите на затворот, а тие, излегувајќи,

го одеа нивниот пат, радувајќи се како некогаш апостолите, оти беа удостоени да бидат обесчестени за Светиот Дух како оние (апостолите) за името на распнатиот Господ.

На крајот на краиштата, после многу други пречки, светците зајакнати со помошта одгоре, стигнаа во земјата на Славјаните, како што посакуваа од почетокот, а величествено ги дочека тогашниот водач наречен Михаил Борис, подготвено и со голема сериозност и ги почитуваше како отци и учители и според нивната волја ги распореди по околните земји и места за да го проповедаат името на Христа и толкувањето на *Писмото* и наречјето што од нив беше измислено и усовршено. Заповедувајќи им на сите нему потчинети да ги слушаат и да се потчинуваат на заповедите на светците, како да беа од него, и со голема спремност да им помагаат во изградувањето на светите храмови што светците мислеа да ги изградат за зголемување на побожноста.

Значи, тогаш секој од светците зеде друго некое место како апостоли. Божествениот, пак, Климент земајќи го чудесниот Наум, нему сличен и во зборовите и во однесувањето, одеа од место во место, сеејќи го словото на побожноста и просветувајќи со проповедта разни градови и области: најмногу Диавија, Мизија, Панонија, Трибалите сè до Илирик. Во местото на Охрид(ското Езеро) стана архијереј за да му го предаде и на овој народ со светлината на неговото учење вистинското богосознание, каде, трошејќи ја сета телесна сила во труд и напори и подвижнички борби, стигна до

длабока старост. Бидејќи веќе не можеше на дело да покаже, а големата готовност што ја имаше за да ја шири насекаде побожноста, за сè се ползуваше со светиот Наум, кој сè до последниот негов здив никогаш не се оддалечи од неговото слово, туку во сè му помагаше како Арон на Мојсеј во старо време. Многу време чудесниот Наум престојуваше во Диавија од онаа страна на Езерото и таму ги упатуваше народите со неговите премудри поведи, ослободувајќи ги од долгата и од татковците наследената ѓаволска заблуда, доведувајќи ги сите на патот на православието. Поминувајќи таму побожно и свето неколку години и минувајќи низ многу маки и борби, замина кон Агонотетот, за да ги добие наградите за неговите напори, оставајќи ни ги неговите свети и достојни за чест мошти: непресушна ризница за исцелување на оние што со непоколебливо срце притрчуваат кон пресветите негови останки. За слава, на опеаниот, во Тројство Бог, кому му доликува сила, чест и благост во вјек и веков. Амин.

ЛУ́ЖБЫ
ЛУЖБИ

на вечерни

Мѣсѧца декемвріа, въ кг҃-й день

ПРЕДПРАЗДНЕНСТВО РЖ҃ТВА ХР҃ТОВА И ПАМѦТЬ ПРЕПОДОБНАГѺ ѻ҃ТЦА НАШЕГѺ НАУМА ѻХРІДСКАГѺ ЧУДОТВОРЦА

НА ВЕЛИЦѢЙ ВЕЧЕРНИ

Первыѧ кадісмы первый антіфонъ: Блаженъ мꙋжъ.

На Гдн воззвахъ поставимъ стїхѡвъ и҃ и поемъ стїхиры предпразднества прежде, гласъ д҃.

Подобенъ: Ꙗкѡ доблѧ

Предпразднественныѧ пѣсни, мысли правостїю, Хр҃това рж҃тва предвозгласимъ: Ѻц҃ꙋ бо и҆ дх҃ꙋ сый равночестенъ, за милосердїе въ наше ѡ҆дѣѧвсѧ смѣшенїе, и҆мать родитисѧ, въ Виѳлеемѣ градѣ: є҆гѡже рж҃тво несказанное пастырїе со а҆гг҃лы воспѣша.

Въ кꙋмвалѣхъ возгласимъ, въ пѣснехъ воскликнемъ: Хр҃тово ꙗвленїе показасѧ: пророческаѧ проповѣданїѧ конецъ прїѧша: є҆гѡже бо прорекоша, плотїю человѣкѡмъ ꙗвитисѧ, раждаетсѧ во ст҃емъ вертепѣ, и҆ въ ꙗслехъ возлегаетъ, ꙗкѡ ѻ҆трочѧ, и҆ пеленами повиваетсѧ, ꙗкѡ мл҃нецъ.

Месец декември, ден 23

ПРЕТПРАЗНЕНСТВО НА РАҐАЊЕТО НА НАШИОТ ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС И СПОМЕН НА ПРЕПОДОБНИОТ НАШ ОТЕЦ НАУМ, ОХРИДСКИОТ ЧУДОТВОРЕЦ

ГОЛЕМА ВЕЧЕРНА

Прва катизма, прв антифон: Блажен е оној човек.

На Господи, повикав, пееме 8 стихови и прво ги пееме стихирите на претпразненството, повторувајќи ја првата, глас 4.

Подобен: Како храбар

Со мисли на праведност да ги објавиме претпразничните песни за Христовото рождество зашто, Оној Кој е рамен по чест на Отецот и Духот, откако се облече во нашата природа од милосрдие, ќе се роди во градот Витлеем; Неговото неискажливо Рождество, пастирите со ангелите го воспеаја.

Со кимвали да разгласиме, во песни да воскликнеме: Христовото јавување се покажа, пророчките проповеди примија крај зашто Него, Кого што го претскажаа дека со тело ќе им се јави на луѓето, се раѓа во светата пештера и во јасли легнува како детенце и со пелени се повива како новороденче.

На вечерни

Ѐнделеѐме, оуготовися! Ѐдеме, нынѣ ѿверзися! Родити Всестаѧ идетъ. Небса да веселѧтсѧ, да играютъ человѣцы! Въ ѧслехъ Жизнь, въ вертепѣ Богатый, приходитъ множества ради милости, нищетꙋ Адамовꙋ воспріимъ, кромѣ преложенїѧ и смѣшенїѧ.

Ѝны стїхѝры преподобномꙋ, гласъ в҃.

Подобенъ: Кінми похвалными

Кінми похвальными вѣнцы оувазѐмъ Наꙋма преподобнагѡ, божественна неботалнника и проповѣдника православїѧ сꙋщаго, рѣкꙋ божественныхъ таинствъ, грады нечестїѧ потопляющꙋю, люди же божественнымъ крещенїемъ ѡчищающꙋю, и каменосердечныхъ ѝхъ въ храмъ воздвигшаго благолѣпный, Христа Бога нашегѡ, Ѝже имѣѧй велїю милость.

Кінми пѣсненными добротами воспоимъ Наꙋма преподобнагѡ, пріѡбрѣтеніе благодати, красное пріѧтелище Дꙋха, и свѣтлꙋю палатꙋ Слова, Отца же обителище избранное, Троицы пребывалище всецѣлое, въ трїехъ оубѡ лицѣхъ, во ѐдинѣмъ же ѐстествѣ проповѣдавшаго Славѧнѡмъ Бога покланѧемаго всеблагочестнѡ, Ѝже имѣѧй велїю милость.

Витлееме, подготви се! Едеме, сега отвори се! Сесветата доаѓа да роди. Нека се веселат небесата, нека играат луѓето; Животот во јаслите, Богатиот во пештерата доаѓа поради големата милост откако ја прими Адамовата беднотија, без промена и мешање.

Други стихири, на преподобниот Наум, глас 2.

Подобен: Со какви пофални

Со какви пофални венци да го овенчаме преподобниот Наум, божествениот познавач на небесните тајни и вистинскиот проповедник на православието; река на божествените тајни што ги потопува градовите на нечестието, а луѓето ги очистува преку божественото крштение и нивните скаменети срца ги издигнува во прекрасен храм на Христа – нашиот Бог, Кој има голема милост.

Со какви убави песни да го пофалиме преподобниот Наум, наоѓалиште на благодатта, прекрасно пристаниште на Духот и светла палата на Словото; на Отецот, пак, избрано живеалиште; значи, на (Светата) Троица сецелосно пребивалиште во три лица, а во една природа, којшто им го проповедаше на Словените, побожно почитуваниот Бог, Кој има голема милост.

на вечерни

Ѝнми благоглаго́ливыми словесы̀ восхва́лимъ тѧ̀, Наѹ́ме преподо́бне, и҆̀же честнѹ́ю па́мѧть твою̀ любо́вїю соверша́ющїи и҆ ве́рою предстоѧ́щїи рацѣ́ боже́ственныхъ моще́й твои́хъ и҆ благоговѣ́йнѣ покланѧ́ющїсѧ. Но свободѝ на́съ ѿ недѹгѡвъ и҆ напа́стей, ѡ҆ѕлобле́нїѧ де́монѡвъ и҆ мѹже́й непра́ведныхъ твои́ми къ Бо́гѹ моли́твами, И҆̀же и҆мѣ́ѧй ве́лїю ми́лость.

Сла́ва, гла́съ ѕ҃.

Премѹ́дрости бл҃гть прїе́мъ ѿ Бг҃а, Наѹ́ме пречестне, и҆ мно́жества Мѹсі́йскаѧ наѹчи́вый благоче́стїю, правосла́вїѧ є҆сѝ ѡ҆снова́нїе же и҆ ѹ҆твержде́нїе, и҆ всѣ́хъ прп҃бныхъ и҆ по́стникѡвъ ѹ҆добре́нїе. Дерзнове́нїе и҆мѣ́ѧ къ Бг҃ѹ, того̀ молѝ спасти́сѧ дѹша́мъ на́шимъ.

И҆ ны́нѣ, предпра́здненства, гла́съ г҃.

Благоѹкраси́сѧ, Вн҃длеѐме, ѿве́рзесѧ бо є҆де́мъ! Гото́висѧ, Є҆вфра́до, ѡ҆бновлѧ́етсѧ бо А҆да́мъ и҆ Є҆ва съ ни́мъ! Клѧ́тва бо разори́сѧ, спасе́нїе мі́рѹ процвѣтѐ, и҆ дѹ́шы пра́ведныхъ ѹ҆краша́ютсѧ: ꙗ҆́кѡ да́ръ дарено́сїѧ, вмѣ́стѡ мѵ́ра пѣ́нїе приносѧ́ще, спасе́нїе дѹше́вное, и҆ нетлѣ́нїе прїе́млюще. Се́ бо въ ꙗ҆слехъ возлежа́й, предповелѣва́етъ пѣснопѣ́нїе дѹхо́вное соверша́ти вопїю́щымъ непреста́нно: Гдⷭ҇и, сла́ва Тебѣ̀.

О какви красноречиви зборови да те прославиме, преподобен Науме, ние кои со љубов го празнуваме твојот чесен (свет) спомен и кои со вера стоиме пред гробот на твоите божествени мошти и побожно им се поклонуваме. Но, ослободи нѐ нас од болести и напасти, од демонски измачувања и неправедни луѓе со твоите молитви кон Бога, Кој има голема милост.

Слава, глас 6.

Ткако ја прими од Бога благодатта на премудроста, пречесен Науме, и многу Мизијци ги научи на побожност, ти постана темел и тврдина на православието, и украс на сите преподобни испосници. А бидејќи имаш слобода пред Господа, моли Го Него да се спасат нашите души.

И сега: на претпразненство, глас 3.

Краси се со добрини, Витлееме, зашто рајот се отвори! Подготви се Ефрате, зашто со него се обновуваат Адам и Ева! Зашто клетвата се раскина, спасението на светот процвета и душите на праведниците се украсуваат како дар на подарување, место миро, принесувајќи пеење, спасение душевно и нетление примајќи. Зашто, ете, Оној Којшто легна во јаслите, претпочита духовно песнопение да се извршува од оние што извикуваат непрестајно: „Господи, слава Ти!“

На вечерни

Вхо́дъ. Свѣ́те ти́хїй.

Проки́мень днѐ и҆ чте́нїѧ трѝ.

Премꙋ́дрости Соломѡ́ни чте́нїе

(Глава̀ є҃, є҃і–к҃д; ѕ҃, а҃–г҃)

Пра́ведницы во вѣ́ки живꙋ́тъ, и҆ въ Гдⷭ҇ѣ мзда̀ и҆́хъ, и҆ попече́нїе и҆́хъ ᲂу҆ Вы́шнѧгѡ. Сегѡ̀ ра́ди прїи́мꙋтъ цр҃твїе благолѣ́пїѧ и҆ вѣне́цъ добро́ты ѿ рꙋки́ Гдⷭ҇ни, зане десни́цею покры́етъ ѧ҆̀, и҆ мы́шцею защити́тъ и҆́хъ. Прїи́метъ всеорꙋ́жїе рве́нїе своѐ, и҆ вооружи́тъ тва́рь въ ме́сть врагѡ́мъ. Ѡ҆блече́тсѧ въ бро́нѧ пра́вды, и҆ возложи́тъ шле́мъ, сꙋ́дъ нелицемѣ́ренъ. Прїи́метъ щи́тъ непобѣди́мый преподо́бїе: Поостри́тъ же напра́сный гнѣ́въ во ᲂ҆рꙋ́жїе: спобо́ретъ же съ ни́мъ ми́ръ на безꙋ́мныѧ. По́йдꙋтъ праволꙋ́чныѧ стрѣ́лы мѡлнїи́ны, и҆ ꙗ҆́кѡ ѿ блгокрꙋ́гла лꙋ́ка ᲂ҆блакѡ́въ, на намѣ́ренїе полетѧ́тъ. И҆ ѿ каменоме́тныѧ ꙗ҆́рости и҆спо́лнь падꙋ́тъ гра́ды. Вознегодꙋ́етъ на ни́хъ вода̀ морскаѧ̀: рѣ́ки же потопѧ́тъ ѧ҆̀ на́глѡ. Сопроти́въ ста́нетъ и҆́мъ дх҃ъ си́лы, и҆ ꙗ҆́кѡ ви́хоръ развѣ́етъ и҆́хъ, и҆ ѡ҆пꙋстоши́тъ всю̀ зе́млю беззако́нїе: и҆ ѕлодѣ́йство превраті́тъ прⷭ҇то́лы си́льныхъ. Слы́шите ᲂу҆̀бо, ца́рїе, и҆ разꙋмѣ́йте: навы́кните сꙋдїи̑ концѣ́въ земли̑. Внꙋши́те держа́щїи мно́жества, и҆ гордѧ́щїисѧ ѡ҆ наро́дѣхъ ꙗ҆зы̑къ: Ꙗ҆́кѡ дана̀ є҆́сть ѿ Гдⷭ҇а держа́ва ва́мъ, и҆ си́ла ѿ Вы́шнѧгѡ.

Вход. Светлино тивка.

Прокимен на денот и три паримии.

Од книгата Мудрост Соломонова, читање

(Глава 5, 15-24; 6, 1-3)

Праведниците живеат довека и нивната награда е во Господа, а за нив се грижи Севишниот. Затоа ќе го добијат царството на славата и венецот на убавината од раката Господова зашто Он ќе ги закрили со десницата и со Својата мишка ќе ги заштити. Он ќе ја земе својата ревност како силно оружје и ќе ја наоружа тварта за одмазда против непријателите. Ќе се облече во оклопот на правдата, а како шлем ќе го стави нелицемерниот суд. Светоста ќе ја земе како штит непобедлив, Својот строг гнев ќе го изостри како меч и со него ќе се собере светот во бој против безумните. Тогаш ќе полетаат како молња добро вперените стрели и од облаците, како од силно затегнат лак, ќе полетаат кон целта и, како од направа за фрлање камења, ќе паѓа град; морската вода ќе беснее врз нив и реките нагло ќе ги потопат. Против нив ќе стане духот на силата и како виор ќе ги развее, а беззаконието ќе ја опустоши целата земја и лошите дела ќе го превртат престолот на силните. Затоа, слушајте цареви и разберете, поучете се судии од краиштата на земјата! Внимавајте вие што владеете со мнозина и кои се фалите пред народите зашто власта ви е дадена од Господа и силата од Севишниот.

на вечерни

Премудрости Соломони чтение
(Глава г, а–д)

Праведныхъ же душы въ руцѣ Божїей, и не прикоснется ихъ мука. Непщевани быша во очесѣхъ безумныхъ умрети, и вмѣнися ѡзлобленїе исходъ ихъ. И еже ѿ насъ шествїе сокрушенїе, они же суть въ мирѣ. Ибо пред лицемъ человѣческимъ аще и муку прїимутъ, упованїе ихъ безсмертїа исполнено. И вмалѣ наказани бывше, великими благодѣтельствовани будутъ, ꙗкѡ Богъ искуси ѧ, и ѡбрѣте ихъ достойны Себѣ. Ꙗкѡ злато въ горнилѣ искуси ихъ, и ꙗкѡ всеплодїе жертвенное прїѧтъ ѧ. И во время посѣщенїѧ ихъ возсїѧютъ, и ꙗкѡ искры по стеблїю потекутъ. Судятъ ꙗзыкѡмъ, и ѡбладаютъ людьми и воцрится Гдь въ нихъ во вѣки. Надѣющїисѧ Нань разумѣютъ истину, и вѣрнїи въ любви пребудутъ Ему: ꙗкѡ благодать и милость въ преподобныхъ Егѡ, и посѣщенїе во избранныхъ Егѡ.

Премудрости Соломони чтение
(Глава д, з–еі)

Ревникъ, аще постигнетъ скончатися, въ покои будетъ. Старость бо честна не многолѣтна, нижѐ въ числѣ лѣтъ исчитается. Сѣдина же есть мудрость человѣкѡмъ, и возрастъ старости житїе несквѣрное. Благоугоденъ Богови бывъ,

Од книгата Мудрост Соломонова, читање

(Глава 3, 1-9)

Душите на праведниците се во Божја рака, до нив нема да се допре никаква мака. Во очите на неразумните тие се како умрени, а нивниот крај се сметаше за пропаст, и тоа што тие заминуваат од нас – како уништување, но тие живеат во мир. Зашто, иако во очите на луѓето и да се накажуваат, надежта нивна е полна со бесмртност. Бидејќи и малку казнети, тие ќе добијат големи блага зашто Бог ги испитал и ги најде достојни за Себе. Он ги проверил како злато во печка и ги примил како најсовршена жртва. Во времето на посетата, тие ќе светкаат како искри меѓу гранки. На племиња ќе им судат и со народи ќе владеат и Господ ќе се зацари во нив во вековите. Оние што се надеваат на Него, ќе ја разберат вистината, а кои Му се верни во љубовта, ќе живеат во Него зашто он има милост и милосрдност за своите светии и промисла за Неговите избрани.

Од книгата Мудрост Соломонова, читање

(Глава 4, 7-15)

Праведникот, и рано да умре, ќе биде во мир, оти чесната старост не е во долговечноста, ниту се избројува со бројот на годините. Мудроста – тоа се белите човечки коси, а непорочниот живот – возраст на староста. Откако Му угодил на Бога, праведникот е засакан и, откако живеел меѓу грешниците, Бог

возлюбленъ бысть, и живый посредѣ грѣшныхъ преставленъ бысть. Восхищенъ бысть, да не злоба измѣнитъ разума его, или лесть прельститъ душу его. Раченіе бо злобы помрачаетъ дѡбраѧ, и паренїе похоти премѣняетъ оумъ незлобивъ. Скончавсѧ вмалѣ, исполни лѣта дѡлга: Оугодна бо бѣ Гдви душа его, сего ради потщасѧ ѿ среды лукавствїѧ. Людїе же видѣвше и не разумѣвше, нижѐ положше въ помышленїи таковое: ꙗкѡ благодать и милость въ прпбныхъ Его, и посѣщенїе во избранныхъ Его.

На лїтїи стїхѝры самогласны, гласъ в҃.

Звѣздꙋ богосвѣтлꙋю, мꙋсїискаго свѣтильника, и вѣры поборника Наꙋма божественнаго, вѣрнїи, восхвалимъ, со аггели бо радꙋетсѧ, прїимъ вѣнецъ нетлѣнїѧ ѿ самаго Бога, и молитсѧ спастисѧ дꙋшамъ нашымъ.

Себлаженне Наꙋме премꙋдре, ты и по смерти на небесѣхъ живеши во Хрстѣ: Того бо ради мірꙋ распѧлсѧ и внѣ плоти воистинꙋ поживъ, не себѣ жилъ еси, но живѧше паче въ тебѣ Хрстосъ Богъ, Его же молѝ спастисѧ дꙋшамъ нашымъ.

го прибрал; грабнат е, злобата да не го измени неговиот разум и подмолноста – да не ја заведе неговата душа. Зашто, извршувањето на лошото го помрачува доброто, а страсното бранување го развратува незлобивиот ум. Кој достигнува совршенство во кратко време, тој живее долго зашто неговата душа Му била угодна на Господа, затоа и побрзал да го избави од безбожноста околу него. А луѓето го видоа тоа и не го разбраа, дури и не помислија за тоа дека Бог има благодат и милост за Своите светии и промисла – за Своите избраници.

Стихири на литија, глас 2, самогласни.

Верници, да го прославиме божествениот Наум, кој е богосветла ѕвезда, мизиски светилник и за верата поборник; зашто се радува со ангелите откако прими венец на нетление од Самиот Бог и се моли да се спасат нашите души.

Еблажен Науме, премудар, ти и по смртта живееш во Христа, за Кого што светот во себе си го распнал, бидејќи надвор од телото навистина си поживеал; не си живеел ти, туку Христос Бог живееше во тебе. Него моли Го да ги спаси нашите души.

Гласъ ѕ҃.

Возсіявшу свѣту ѹ҆ченія твоегѡ на землѝ мѹсійствѣй, преподобне Наѹме ѻ҆тче, ꙗ҆кѡ небо славу Божію возвѣстилъ є҆сѝ, солнца потекла є҆сѝ свѣтлѣйше и҆ свѣтиль ꙗснѣйше возсіялъ є҆сѝ, ѿонѹдѹже множества славѧщѡвъ привелъ є҆сѝ Хрⷭ҇тѹ ѿ сердца вѣровавшихъ, и҆хже нынѣ поминай, ꙗ҆кѡ дерзновеніе и҆мѣѧ ко Гдⷭ҇ѹ.

Слава, гласъ є҃.

Преподобне ѻ҆че, не далъ є҆сѝ сна твоимъ ѻ҆чесемъ , ни вѣждѡмъ твоимъ дреманіѧ, дондеже дѹшу и҆ тѣло ѿ страстей свободилъ є҆сѝ и҆ себѣ ѹ҆готовалъ є҆сѝ Дѹха жилище. Пришедъ бо Хрⷭ҇тосъ со Ѻ҆тцемъ, ѻ҆бителъ въ тебѣ сотворѝ и҆ є҆диносѹщныѧ Троицы тѧ пріѧтелище чистое содѣла. И҆ нынѣ, Наѹме блаженнѣйше, молѝ спастисѧ дѹшамъ нашымъ.

И҆ нынѣ, предпразднества, гласъ ѕ҃.

Не дрѧхлѹй, І҆ѡ҆сифе, зрѧ моѝ ѹ҆тробѹ: ѹ҆зриши бо раждаемагѡ ѿ менѐ, и҆ возрадѹешисѧ, и҆ ꙗ҆кѡ Богѹ поклонишисѧ, Богородица глаголаше ко своемѹ ѡ҆брѹчникѹ, хотѧщи родити Хрⷭ҇та. Сію воспоимъ глаголюще: Радѹйсѧ, ѡ҆брадованнаѧ, съ тобою Гдⷭ҇ь, и҆ тебѐ ради съ нами.

Глас 6.

Преподобен Науме, откако светлината на твоето учење засвети во земјата мизиска, како небо славата Господова си ја објавил; посветло од сонцето си огреал и појасно од светлината си засветил, затоа многу луѓе си привел кон Христа, кои од срце поверуваа. Нив сега спомени ги, бидејќи имаш смелост пред Господа.

Слава, глас 5.

Преподобен оче, не си им давал сон на твоите очи, ниту дремка на твоите веѓи, додека душата и телото не си ги ослободил од страстите и себеси си се подготвил за живеалиште на Духот. Зашто, кога ти пријде Христос со Отецот, обител во тебе направи и тебе те претвори во чисто пребивалиште за Единосушната Троица. И сега, Науме најблажен, моли се да се спасат нашите души.

И сега, на претпразненство, глас 6.

Не нервирај се, Јосифе, гледајќи ја мојата утроба зашто ќе го видиш Она што ќе се роди од мене и ќе се зарадуваш, и како на Бог ќе Му се поклониш, – му велеше Богородица на својот свршеник, сакајќи да Го роди Христа. Неа да ја воспееме, велејќи: – Радувај се, радосна, со тебе е Господ и заради тебе е со нас!

На вечерни

На стиховнѣ стихиры гласъ є.

Подобенъ: Радуйся постническихъ

Радуйся, Науме преподобне, мусійскій свѣтильнице, мѣрило догматовъ, православія правило, небо славу повѣдающее Христа Всецаря, око неусыпное прозрящее ѿ конецъ въ концы, яже и наполнилъ еси божественнаго проповѣданія, и исполнися на тебѣ, пророческое рѣчение, во всю бо землю востече твое вѣщаніе благодатію Христа Бга нашего, Егоже моли даровати душамъ нашимъ миръ и велію милость!

Стихъ: Честна предъ Гдемъ смерть преподобныхъ Его.

Радуйся, Науме преподобне, проповѣдниче Еуеліа въ концѣхъ мусійскихъ, иже всяцѣй души человѣчестѣй царства Христова любовь вложивый. Тѣмже и прелести оудаливъ собранія вся, православно научилъ еси покланятися Трицѣ несозданнѣй – безначальному Родителю, Сыну же собезначальному и Духу божественному, непосредственнѣ ѿ Отца происходящему, Егоже моли даровати душамъ нашимъ миръ и велію милость!

Стихъ: Блаженъ мужъ боящися Господа, въ заповѣдехъ Его восхощетъ зѣло.

Стиховни стихири, глас 5.

Подобен: Радувај се, на испосниците

Радувај се, преподобен Науме, мизиски светилниче, мерило на догмите, правило на православието, небо што ја соопшти славата на Христа Царот на сè; око будно кое ги набљудува краиштата што си ги исполнил со божествената проповед. И се исполни во тебе пророчката изрека: – Во целата земја потече твојата проповед преку Христа нашиот Бог; Него моли Го да им дарува мир на нашите души и голема милост.

Стих: Скапоцена е пред Господа смртта на Неговите преподобни.

Радувај се, преподобен Науме, проповедниче на Евангелието во мизиските краеви, којшто на секоја човечка душа, љубов Христова си ѝ влеал. Затоа, откако ги оддалечи од прелеста сите собранија (цркви), си ги научил православно да ѝ се поклонуваат на несоздадената Троица – беспочетниот Родител, Синот собеспочетен и Божествен Дух Кој непосредно исходи од Отецот; Него моли Го да им дарува мир на нашите души и голема милост.

Стих: Блажен е оној човек кој се бои од Господа, преку Неговите заповеди ќе Го засака многу.

На вечерни

Ра́дуйсѧ, Наѹме преподо́бне, мона́шествѹ-
ющихъ честно́е оу҆добре́ніе вои́стиннѹ, въ
мѣ́сто селе́ніѧ ди́вна до до́мѹ Бо́жіѧ
прошедый ра́достію и҆ весе́ліемъ дѹши̑, и҆дѣ́же гла́съ
пра́зднѹющагѡ, кра́снагѡ слы́шаніѧ и҆ сла́дкагѡ хва-
ле́ніѧ, є҆гѡ́же є҆ди́нагѡ возжеле́въ, пло́ть оу҆мертви́лъ
є҆си̑ и оу҆лѹчи́лъ є҆си божє́ственнѹю пра́вдѹ Хр҃та̀ Бо́га
на́шегѡ, є҆гѡ́же моли̑ дарова́ти дѹша́мъ на́шимъ
ми́ръ и҆ ве́лію ми́лость!

Сла́ва, гла́съ и҃.

Олвы̀ житє́йскіѧ ѡ҆ста́вль, Наѹме препо-
до́бне, и҆ кре́стъ Спа́совъ на ра́мо взе́мъ,
всего̀ себѐ Бо́гѹ возложи́лъ є҆си̑. Тѣ́мже и҆
въ мі́рѣ сы́й, внѣ̀ пло́ти показа́лсѧ є҆си̑, всехва́льне.
Спротѧже́нными же на всѧ́къ де́нь воздержа́ніемъ
подвиза́всѧ, со а҆́ггелы Дѹхѹ соприсѹтствѹеши всегда̀ и҆
свесели́шисѧ. Дерзнове́ніе оу҆бѡ и҆мѣ́ѧ ко Го́сподѹ, моли̑
и҆зба́витисѧ ѿ бѣ́дъ и҆ скорбе́й, вѣ́рнѡ соверша́ющымъ
присночестнѹю па́мѧть твою̑.

И҆ ны́нѣ, предпра́здненства, гла́съ то́йжде.

Оспрі̑ими̑, Вѝдлеѐме, Бо́жію митропо́лію,
свѣ́тъ бо незаходи́мый въ тебѣ̀ роди́тисѧ

адувај се, преподобен Науме, навистина почитуван украс на монасите, кој, откако премина со радост и веселие на душата, во прекрасните населени места до домот Божји, каде што е гласот на Оној што празнува од прекрасното слушање и слатката пофалба, (и) откако единствено Него Го засака, телото си го умртвил и си ја добил божествената правда од Христа нашиот Бог, Него моли Го да им дарува мир на нашите души и голема милост.

Слава, глас 8.

реподобен Науме, откако го остави светскиот метеж и на рамо го зеде крстот на Спасителот, себеси целиот на Бога си Му се предал. Затоа, иако си бил во светот, надвор од телото си се покажал, сеславен. А, подвизувајќи се секој ден со напорно воздржување, постојано присуствуваш со ангелите во Духот и се веселиш. Така, имајќи смелост пред Господа, моли да се избавиме од беди и жалости ние, кои верно го празнуваме сечесниот спомен твој.

И сега, на претпразненство, глас 8.

рими ја, Витлееме, Божјата митрополија зашто незалезната Светлина доаѓа да се роди во тебе. Ангели, восхитувајте се на небесата! Луѓе, прославете на земјава!

НА ВЕЧЕРНИ

прихо́дитъ. А҆ггли, ѹ҆дивѝтесѧ на небесѝ, человѣ́цы, просла́вите на земли, волсвѝ, ѿ Персі́ды преслáвный да́ръ принесѝте, па́стырїе, свирѧ́юще, тристо́е пѣ́нїе сла́дцѣ воспо́йте. Всѧ́кое дыха́нїе да хва́литъ Вседѣ́телѧ.

Тропа́рь, гла́съ д҃.

І́ръ ѡ҆ста́вилъ є҆сѝ прилѣпи́всѧ Хрт҃ѹ, пло́ть распа́лъ є҆сѝ Дѹ́хомъ пожи́въ, Наѹ́ме преблаже́нне. Потща́лсѧ є҆сѝ а҆по́столѡвъ подвиза́тисѧ тече́нїю. Ѹ҆ловилъ є҆сѝ въ вѣ́рѹ, мѹ́сїйскаѧ неизче́тнаѧ мно́жества. Тѣ́мже молѝтвами твои́ми, ѿ и҆скѹше́нїй и҆зба́ви на́съ.

Сла́ва, и҆ ны́нѣ, предпра́здненства, гла́съ то́йжде.

Ото́висѧ, Видлее́ме, ѿве́рзисѧ всѣ́мъ, Є҆де́ме, красѹ́йсѧ, Є҆ѵфра́до, ꙗ҆́кѡ дре́во живота̀ въ верте́пѣ процвѣтѐ ѿ Де́вы: ра́й бо ѻ҆́ноѧ чре́во ꙗ҆ви́сѧ мы́сленный, въ не́мже боже́ственный са́дъ: ѿ негѡ́же ꙗ҆́дше жи́ви бѹ́демъ, не ꙗ҆́коже А҆да́мъ ѹ҆́мремъ. Хрт҃о́съ рожда́етсѧ, пре́жде па́дшїй возста́вити ѻ҆́бразъ.

Мудреци од Персија, принесете прославен дар! Пастири, свирејќи трисвето пеење, слатко воспејте! Секое суштество да Го фали Создателот на сѐ!

Тропар, глас 4.

Светот си го оставил, откако се прилепи кон Христа; телото си го распнал штом поживеа според Духот, Науме преблажене; си се трудел како апостолите да се подвизуваш во животот; си уловил во верата безбројно мизиско множество; затоа, со твоите молитви од искушенија избави нѐ.

Слава, и сега, на претпразненство, истиот глас.

Подготви се, Витлееме! Отвори се за сите, Едеме! Украси се Ефрате, зашто Дрвото на животот процвета од Дева! Нејзината утроба како духовен рај се покажа во којшто е Божествената садница, од која, ако јадеме, живи ќе бидеме и нема, како Адам, да умреме. Христос се раѓа за да го обнови порано паднатиот образ.

На ᲂу҆тре́ни

На ᲂу҆тре́ни

На Бг҃ъ Гдⷭ҇ь, тропа́рь преподо́бнагѡ два́жды.
Сла́ва и҆ ны́нѣ, предпра́здненства.

По а҃-й стїхосло́вїи сѣда́ленъ, гла́съ г҃.

Подо́бенъ: Красотѣ̀ дѣ́вства

Краснѣ́йшыѧ вои́стиннꙋ но́зѣ твоѝ ми́ръ, преподо́бне, пренмꙋ́щъ всѧ́къ ᲂу҆́мъ ꙗ҆́кѡ проповѣ́давшѧ боголѣ́пнѡ, ѕвѣре́й сꙋ́щихъ ѻ҆вца́мъ смѣси́лъ є҆сѝ, ро́ды ди́вїѧ славѧ́нъ во дво́ръ ѻ҆́вчїй Хрⷭ҇та̀ Бг҃а ввѐлъ є҆сѝ. Тѣ́мже ми́ръ безмѧте́жный и҆спросѝ на́мъ и҆ ве́лїю ми́лость.

Сла́ва и҆ ны́нѣ, предпра́здненства.
Гла́съ и подо́бенъ то́йжде.

Ꙋдо пресла́вно зри́тсѧ дне́сь: Спаси́тель бо на́шъ въ верте́пѣ пло́тїю ѿ Дѣ́вы на́съ ра́ди роди́тисѧ ны́нѣ тщи́тсѧ. Волсви́ же съ да́ры ꙗ҆́кѡ Царю̀ покло́нѧтсѧ, и҆ па́стырїе со а҆́гг҃лы славосло́вѧтъ Є҆го̀: съ ни́миже и҆ мы̀ вопїе́мъ: Сла́ва на́съ ра́ди Вочеловѣ́чшемꙋсѧ.

НА УТРЕНАТА

На Бог Господ, тропарот на преподобниот (двапати).

Слава, и сега, тропар на претпразненство.

По прво стихословие, седален, глас 3.

Подобен: На убавината на твоето девство



Навистина се прекрасни твоите нозе, преподобен, зашто богоподобно го проповедаше мирот што го надминува секој ум; вистинските ѕверови меѓу овците си ги смешал, дивите мизиски народи во овчото трло на Христа Бога си ги вовел. Затоа, спокоен мир испрати за нас и голема милост.

Слава, и сега, на претпразненство.
Глас и подобен на истиот.

Преславно чудо се гледа денес, зашто нашиот Спасител сега брза во пештера да се роди телесно од Дева заради нас. Мудреците, пак, со дарови како на цар му се поклонуваат и пастирите со ангелите Го славославуваат, со нив и ние извикуваме: – Слава на Оној што се вочовечи заради нас!

на ѹ҆трени

По в҃-й стїхосло́вїи сѣда́ленъ, гла́съ а҃.

Подо́бенъ: Гро́бъ тво́й

Чудесъ самодѣ́латель бы́въ, богоно́се, и҆ всѣ́хъ къ Бо́гѹ моли́твенникъ и҆ хода́тай, Наѹ́ме всеблаже́ннѣйше, мѵ́сїйскихъ похвало̀, и҆зба́ви мо́лимсѧ настоѧ́щїѧ бѣ́ды̀ рабы̑ твоѧ̑ и҆ пла́мене бѹ́дѹщагѡ боже́ственною моли́твою твое́ю.

Сла́ва и҆ ны́нѣ, предпра́здненства. Гла́съ и подо́бенъ то́йжде.

Весели́сѧ, Вѝдлеѐме! Є҆ѵфра́до, гото́висѧ: се́бо А҆́гница Па́стырѧ вели́каго въ ложесна́хъ носѧ́щи, роди́ти грѧде́тъ. И҆ предви́дѧще боже́ственнѹю ѕвѣ́здѹ волсвѝ ра́дѹютсѧ, съ па́стырьми пою́ще се́рдца пра́востїю.

Полѹеле́н и҆ велича́нїе

Велича́емъ тѧ̀, преподо́бне ѻ҆́че Наѹ́ме и҆ чте́мъ свѧтѹ́ю па́мѧтъ твою̀, наста́вниче мона́хѡвъ и҆ собесѣ́дниче а҆́гг҃лѡвъ.

По второ стихословие, седален, глас 1.

Подобен: Гробот твој

Извршител на чуда си бил, богоносецу, и молитвеник и патеводител на сите кон Бога, себлажен Науме, пофалбо мизиска; твоите рожби ти се молиме, избави нѐ од сегашните неволји и од идниот пламен со твојата божествена молитва.

Слава, и сега, на претпразненство. Глас и подобен на истиот.

Весели се Витлееме! Еуфрате, подготви се, зашто, ете, Агницата, која го носи големиот Пастир во утробата, доаѓа да роди. И мудреците, коишто ја предвидоа Божествената ѕвезда, се радуваат со праведно срце, пеејќи со пастирите.

Полиелеј и Величание

Те величаме, преподобен оче Науме и го почитуваме твојот свет спомен, наставниче на монасите и собеседниче на ангелите.

На утрени

Псалом избранный:

Терпѧ потерпѣхъ Господа, и внѧтъ мнѣ, и ᲂуслыша молитвꙋ мою. Постави на камени нѡзѣ мои, и исправи стѡпы моѧ. Се ᲂудалихсѧ бѣгаѧ, и водворихсѧ въ пꙋстыни. Оуподобихсѧ неѧсыти пꙋстыннѣй. Бдѣхъ и быхъ ꙗкѡ птица ѡсобѧщаѧсѧ на здѣ. Кѡлѣна мѡѧ изнемогоста ѿ поста, и плоть моѧ измѣнисѧ ѥлеа ради. Слезами моими постелю мою ѡмочꙋ. Ꙗкѡ ѡбыдоша мѧ сни мнози, сонмъ лꙋкавыхъ ѡдержаша мѧ. Напрѧгоша лꙋкъ свой вещь горкꙋ, сострѣлѧти въ тайныхъ непорочнаго. Предзрѣхъ Господа предомною выну, ꙗкѡ ѡдесную мене ѥсть, да не подвижусѧ. Вси ꙗзыцы ѡбыдоша мѧ, и именемъ Господнимъ противлѧхсѧ имъ. Благословенъ Господь иже не даде насъ въ ловитвꙋ зꙋбѡмъ ихъ. Да исповѣдѧтсѧ Тебѣ Господи всѧ дѣла твоѧ, и преподобнїи твои да благословѧтъ тѧ. И ᲂувѣдите, ꙗкѡ ᲂудивѝ Господь преподобнаго своего. И ᲂутрꙋдисѧ во вѣкъ, и живъ бꙋдетъ до конца. Хранитъ Господь дꙋшы преподобныхъ своихъ. Восхвалѧтсѧ преподобнїи славѣ, и возрадꙋютсѧ на ложахъ своихъ. Честна предъ Господемъ смерть преподобныхъ ѥго. Пойте Господеви преподобнїи ѥго, исповѣдайте памѧть свѧтыни ѥго, во всѣхъ людехъ чꙋдеса ѥго. Слава и нынѣ: Аллилꙋїа. г҃.

Избран псалм

Трпеливо се надевав на Господ, и Тој се наклони над мене и ја чу молитвата моја. Па ги постави нозете мои на камен и ги зацврсти стапалата мои. Далеку би отишол и би се сместил во пустината. Заприлегав на пеликан во пустина; Не спијам, седам како самотна птица на покрив. Колената ми изнемоштија од пост. А телото мое ослаби. Секоја ноќ го навлажнувам леглото мое. Глутница кучиња ме опколија, цела чета од злочинци се врти околу мене. Тие исфрлаат ранливи зборови, како стрели. За да стрелаат скришно на непорочниот. Секогаш пред очи ми е Господ, зашто Тој е од мојата десна страна, за да не се поколебам. Сите народи ме опколија, но со името Господово јас ги разбив. Нека е благословен Господ, Кој не нѐ предаде во плен на нивните заби. Нека Те прославуваат, Господи, сите Твои дела. И нека Те благословуваат светиите Твои. Знајте дека Господ го запазил Својот верен. Дури и да се мачи долго, да живее вечно. Ја чува Господ душата на Своите светии. Ќе се развеселат светиите во слава, ќе се зарадуваат врз леглата свои. Скапа е во очите на Господ смртта на Неговите светии. Пејте Му на Господ, верници Негови, благодарете Му на Неговото свето име, и сите народи – на чудесата Негови. Слава, и сега: Алилуја (трипати).

По полѹеле́н сѣда́ленъ пр҃бнагѡ, гла́съ и҃.

Подо́бенъ: Премѹ́дрость и҆ сло́во

Ѳремѹ́дръ бы́въ ѿ млада́гѡ во́раста, подложи́лсѧ є҆сѝ и҆́гѹ Влады́ки твоегѡ̀, ника́коже тѧ́жкомѹ, по и҆спо́лненномѹ че́стности ѻ҆́тче. Бж҃е́ственномѹ же Кли́ментѹ споспѣ́шникъ бы́въ и҆ съ ни́мъ сердца̀ мѹсі́йцевъ воздѣ́лавъ, къ нетрѹ́дномѹ прешелъ є҆сѝ концѹ̀ и҆ трѹдѡ́въ свои́хъ возме́здїе непреста́нно собира́еши. Всеблаже́нне преподо́бне, молѝ Хр҃та̀ Бг҃а прегрѣше́нїй ѻ҆ставле́нїе дарова́ти празднѹ́ющымъ любо́вїю свѧтѹ́ю па́мѧть твою̀.

Сла́ва и҆ ны́нѣ, предпра́здненства.
Гла́съ и подо́бенъ то́йжде.

Ѡ҆зъ чре́ва пре́жде вѣ́къ ѿ Ѻ҆ц̑а̀ возсі́ѧвъ неслі́ѧннѣ, Сло́ве Бж҃ій, безсѣ́менно предграде́тъ ѿ твоеѧ̀ ѹ҆тро́бы, Пречт҃аѧ, вре́мени послѣдѝ, возносѧ́й дре́вле лю́тѣ попо́лзшагосѧ, и҆ къ дре́внѣй добро́тѣ возводѧ̀, ꙗ҆́кѡ милосе́рдъ. Є҆гѡ́же рж҃тво̀ вѡ́нности безпло́тныхъ преди́дѹтъ, и҆ человѣ́кѡмъ побѣ́днаѧ та́йнѡ возсыла́ютъ, сла́ва, взыва́юще, Бг҃ѹ, дарова́вшемѹ на́мъ ми́ръ, разрѹши́вшемѹ средостѣ́нїе вражды̀, ꙗ҆́коже и҆зво́ли.

По полиелеј, седален на преподобниот, глас 8.

Подобен: Премудроста и словото

Идејќи премудар од млада возраст, си се впрегнал во јаремот од твојот Господар, не со тежина, но исполнет со чесност, оче. А на божествениот Климент, си му бил содружник; и со него, откако ги подготви срцата на мизијците, си преминал кон безболен крај и за твоите маки награда собираш. Себлажен, преподобен, моли Го Христа Бога да ни дарува прошка за прегрешенијата, нам коишто го празнуваме со љубов твојот свет спомен.

Слава, и сега, на претпразненство. Глас и подобен на истиот.

Откако засвети од утробата на Отецот пред (сите) векови, неслиеното Божјо Слово, бесемено се подготвува да дојде преку твојата утроба, Пречиста, во последните времиња го издигнува оној кој некогаш тешко падна и го води кон древната доброта како милосрден. На Неговото рождество му претходат бестелесните војски и на луѓето тајно им ја испраќаат победната песна, извикувајќи: „Слава на Бога, Кој ни дарува мир, Кој ја разурна преградата на непријателството како што посака".

на ѹ҆трени

И҆ а҆́бїе поемъ а҃-й а҆нтїфѡ́нъ д҃гѡ гла́са: Ѿ ю҆ности моеѧ̀.

Прокі́менъ гла́съ д҃:

Чⷭ҇на̀ предъ Гдⷭ҇емъ смє́рть прⷭ҇бныхъ є҆гѡ̀.

Стїхъ: Что̀ возда́мъ Гдⷭ҇еви ѡ҆ всѣ́хъ, ꙗ҆̀же воздаде́ мн.

Всѧ́кое дыха́нїе да хва́литъ Гдⷭ҇а.

Є҆ѵⷭ҇лїе ѿ Матѳе́а, зача́ло м҃г.

Ѱало́мъ н҃.

Сла́ва: Моли́твами преподо́бнагѡ:

И҆ ны́нѣ: Моли́твами Бцⷭ҇ы:

Стїхъ: Поми́лꙋй мѧ̀ Бж҃е:

И҆ стїхи́ра, гла́съ ѕ҃.

Зліѧ́сѧ благода́ть во ѹ҆стна́хъ твои́хъ, преподо́бне ѻ҆́тче, и҆ бы́лъ є҆сѝ свети́льникъ мѵсі́йскагѡ всенаслѣ́дїѧ, ѹ҆чѧ̀ словє́сныѧ ѻ҆́вцы вѣ́ровати въ Трⷭ҇цꙋ є҆диносꙋ́щнꙋю во є҆ди́номъ Бж҃ествѣ̀.

Канѡ́нъ предпра́здненства, є҆гѡ́же краегранє́сїе по а҆лфави́тꙋ, творе́нїе Іѡ́сифово. Гла́съ ѕ҃.

Пѣ́снь а҃.

І҆рмо́съ: Волно́ю морско́ю скры́вшаго дре́вле, гони́телѧ, мꙋчи́телѧ, въ ꙗ҆́слехъ сокрыва́емаго ѹ҆би́ти и҆́щетъ И҆рѡ́дъ: но мы̀ съ волхвы̑ поимъ: Гдⷭ҇еви воспоимъ, сла́вно бо просла́внсѧ.

И веднаш го пееме првиот антифон од 4 глас (степена): Од мојата младост.

Прокимен, глас 4:

Скапоцена е пред Господа смртта на Неговите преподобни.

Стих: Што да Му воздадеме на Господа за сè што ни даде?

Потоа: Сè што дише.

Евангелие според Матеј, зачало 43.

Псалм 50.

Слава: По молитвите на преподобниот...
И сега: По молитвите на Богородица...
Стих: Помилуј ме Боже...

Стихира, глас 6.

е изли благодатта во твоите усни, преподобен оче, и си бил светилник на мизиското сенаследство, учејќи ги словесните овци да веруваат во Троица едносуштна во едно Божество.

Канон на претпразненство, чијшто акростих е според азбуката, творба Јосифова, глас 6.

Песна 1.

Ирмос: Оној Кој некогаш со морскиот бран го покри гонителот мачител, (сега) во јасли скриен, Ирод бара да Го убие. Но ние со мудреците пееме: – На Господа да Му запееме зашто славно се прослави.

На утрени

Кнѧзь ѝзъ Ꙋ҆ды ѡ҆скꙋдѣ ѹ҆жѐ: є҆мꙋже бо завѣщаѧсѧ, ꙗ҆коже предписаѧсѧ, ꙗ҆зы́кѡвъ чаѧ́нїе І҆и҃съ Хр҃то́съ прїи́де, и҆ въ вертепѣ раждаетсѧ кра́йнїи ра́ди бл҃гости.

Видлеѐме, веселисѧ ра́достїю: въ тебѣ́ бо раждаетсѧ Хр҃то́съ Гдь. Вселе́ннаѧ да и҆граетъ, прїе́млющи и҆збавле́нїе: да ликꙋетъ всѧ̀ тва́рь пра́зднꙋющи.

Ро́дъ человѣ́ческїй хотѧ̀ спастѝ, Преблг҃ї́й, во ѹ҆тро́бꙋ вселисѧ неискꙋсобра́чныѧ Дв҃ы: и҆ сѐ роди́тисѧ грѧде́тъ. Томꙋ̀ поклони́мсѧ: сла́внѡ бо просла́висѧ.

Та́же канѡ́нъ свѧта́гѡ, є҆гѡ́же краегранесїе: „Наꙋма послѣ́днее прїобрѣ́тенїе Бо́га восхвалю̀, архїпа́стырь болгарскїй Ѡ҆ѡнстантїнъ Кавасила“, гла́съ а҃.

Пѣ́снь а҃.

І҆рмо́съ: Пѣ́снь побѣ́днꙋю поимъ всѝ Бг҃ꙋ, сотво́ршемꙋ дѝвнаѧ чꙋдеса̀ мы́шцею высо́кою и҆ спа́сшемꙋ і҆сра́илѧ, ꙗ҆кѡ просла́висѧ.

Припѣ́въ: Равноапо́столне о́тче Наꙋме, молѝ Бо́га ѡ҆ насъ!

Пото́кѡвъ полнотꙋ покажи́ мѧ Свѧта́гѡ̀ Дꙋха, Наꙋме, моли́твами твои́ми, ꙗ҆кѡ рѣка̀ Бж҃їѧ, да провѣща́ю твоѧ̑ дѣла̀ пѣ́сньми и҆ пѣ́ньми.

Кнез од Јуда изостана веќе зашто нему што му се заветува, како што се претскажуваше, очекуваниот од народите – Исус Христос, дојде и во пештера се раѓа поради бескрајната добрина.

Витлееме, весели се со радост зашто во тебе се раѓа Христос Господ! Вселената нека игра, примајќи Го избавувањето! Нека ликува сета твар, празнувајќи!

Преблагиот, сакајќи да го спаси човечкиот род, се всели во утробата на неискусобрачната Дева и, ете, доаѓа да се роди. Нему да Му се поклониме зашто славно се прослави.

Потоа, канонот на светителот, чијшто акростих е: „Наума послѣднее приобрѣтение Бога восхвалју, архипастир болгарскиј Константин Кавасила“. Глас 1.

Песна 1.

Ирмос: Победничка песна сите да Му пееме на Бога, Којшто направи дивни чуда со крената рака и Кој го спаси Израилот, зашто се прослави.

Припев: Рамноапостолен оче Науме, моли Го Бога за нас!

Полнота од потоци на Светиот Дух, направи ме, Науме, со твоите молитви како река Божја за да ги кажувам твоите дела со песни и пејанија.

на утрени

Послѣдователь былъ еси верховныхъ учителей славянскія земли ѿ юности, причастникъ же спосспѣшникѡвъ ихъ и сподвижникъ.

Жизнь твоя равноагглна и жительство паче человѣкъ, страданія же и подвизи твои воистинну мученически, ихже ради тя воспѣваемъ.

Вознесся превышше божественныхъ кедрѡвъ совершенствомъ, Наѹме, дивныхъ источниче, чудесы явѣ покрылъ еси предѣлы мусійскія и концы земныя.

Богородиченъ: Матерь тя дѣву единѹ паче естества естество позна ѿ вѣка, Всечистая, яже Содержителя человѣкѡвъ и всегѡ во чревѣ носившая.

Вторый канѡнъ, сосвязанъ имѣй акростіхъ первому.
Гласъ д.

Ирмосъ: Ѿверзу уста моя, и наполнятся Дха, и слово ѿрыгну Црицѣ Мтри, и явлюся свѣтлѡ торжествуя, и воспою радуяся тоя чудеса.

Иже древле безднѹ изсушивый людемъ пѣшеходящымъ, безднѹ изсушѝ моихъ грѣхопаденій и ѡдожди ми разумѣнія каплю, якѡ да преподобнаго Твоего пѣсньми восхвалю, Хрте!

Од младоста си бил последовател на врховните учители на словенските земји, а учесник и соподовижник со нивните соработници.

Твојот живот е рамноангелски и живеењето твое ги надминува човечките можности, а страданијата и подвизите твои навистина се маченички, поради тоа те воспеваме.

Откако се издигна повисоко од божествените кедри преку совршенството, Науме, извору на убавините, со чуда јавно си ги покрил пределите мизиски и краиштата на земјата.

Богородичен: Тебе, единствената Дева – натприродна мајка, природата те позна од памтивек, Сечиста, којашто Создателот на луѓето и на сè, Го носеше во утробата.

Вториот канон на преподобниот е поврзан и го има акростихот од првиот, глас 4.

Ирмос: **Ќе ја отворам устата моја, и со Дух ќе се исполни, и збор ќе ѝ кажам на Мајката Царица, и ќе се покажам светло торжествувајќи и, радувајќи се, ќе ги воспеам нејзините чудеса.**

Христе, Ти некогаш бездната си ја исушил за луѓето кои патуваа, бездната на моите прегрешенија исуши ја и пороси ме со капката на разумот за да Те прославам со песни на Твојот преподобен.

НА ОУТРЕНИ

Видѣти желаѧ славу неизреченную, скорби претерпѣлъ еси, и темницы и муки и всякое мірское безславіе, добрѣ за вѣру подвизаѧсѧ.

Монашествуѧ духомъ и горѧ ревностію вѣры, Хрта понеслъ еси игомъ духовнымъ, и очистилъ еси душы неистовствовавшыѧ, и семѧ положилъ еси божественнаго разумѣніѧ.

Вмѣнилъ еси, блѧженне, весь міръ ꙗкоже оуметы, Хрта же и ближнаго правѡ возлюбилъ еси, и примирилъ еси люди оудаленныѧ всѣмъ приближаюшемусѧ вѣрою.

Богородиченъ: Мертва мѧ бывша ѿ многообразныхъ ѡѕлобленій, ꙗкѡ Жизнь рождшаѧ, ѡживи мѧ Влче: и вышней жизни представи мѧ, да прославлю тѧ ꙗкѡ жизнодавцу всегда.

Катавасіѧ: Хрстосъ раждаетсѧ, славите: Хрстосъ съ небесъ, срѧщите: Хрстосъ на земли, возноситесѧ. Пойте Гдеви всѧ земла, и веселіемъ воспойте людіе, ꙗкѡ прослависѧ.

Пѣснь г.

Ірмосъ: Тебе на водахъ повѣсившаго всю землю нешдержимѡ, тварь видѣвши въ вертепѣ раждаюшасѧ, оужасомъ содрогашесѧ, нѣсть свѧтъ, паче Тебе, Гди, зовуши.

Науме, сакајќи да ја видиш неискажливата слава, жалости си претрпел, и темници, и мачења и секаква светска навреда, подвизувајќи се во доброто заради верата.

Самувајќи со духот и кипејќи од ревност кон верата, Христа си Го носел со ралото на духот и злобата од душата си ја очистил и си го посеал семето на божественио разум.

Блажен, ти си го сфатил овој свет како отпад, и Христа си Го возљубил, и ближниот справедливо, и си ги смирил разделените луѓе, приближувајќи им се на сите заради верата.

Богородичен: Владичице, ти која си Го родила Животот, оживи ме мене умртвениот од различни неправди и пренеси ме во горниот живот постојано да те славам како животодателка.

Катавасија: **Христос се раѓа, славете Го; Христос доаѓа од небото, пресретнете Го; Христос е на земјата, возносете Го. Пеј Му на Господа, цела земјо, и весело пофалете Го, луѓе, зашто се прослави.**

Песна 3.

Ирмос: **На Тебе Кој на вода Си ја поставил целата земја без потпора, кога Те видоа созданијата како се раѓаш во пештера, ужасно се исплашија, извикувајќи: – Нема посвет од Тебе, Господи!**

на ѹ҆трени

Въ ра́бїй ѡ҆блещи́сѧ ѻ҆́бразъ восхотѣ́лъ є҆сѝ, ꙗ҆́кѡ да рабо́ты мѧ̀ лѹка́ваго и҆зба́вишн, пѣснослѡ́влю Твоѐ бл҃гоѹтро́бїе, Сло́ве, О҆ц҃ѹ̀ собезнача́льне и҆ сопресносѹ́щне: сла́ва смотре́нїю Твоемѹ̀.

Грѧде́тъ Дв҃а Гд҃а роди́ти въ верте́пѣ, предвари́те, волсви̑: па́стырїе ны́нѣ прїнди́те, пѣ́снь съ высоты̀ а҆гг҃ли возопі́йте, ꙗ҆ви́сѧ человѣ́кѡмъ и҆збавле́нїе.

И҆ща́й мѧ̀ заблѹ́ждшаго, Чл҃вѣколю́бче, и҆ верте́пъ ꙗ҆́вльшасѧ разбо́йническїй дѣ́лы непло́дными, въ верте́пъ ны́нѣ прише́лъ є҆сѝ ѿ Дв҃ы дне́сь роди́тисѧ, Вл҃ко: Сла́ва, Сло́ве, прише́ствїю Твоемѹ̀.

И҆нъ.

І҆рмо́съ: Да ѹ҆твердѝтсѧ се́рдце моѐ въ во́ли Твое́й, Хр҃тѐ Бо́же, И҆же надъ вода́ми не́бо ѹ҆твержде́й второ́е и҆ ѡ҆снова́вый на вода́хъ зе́млю, Всесѝльне.

Ле́гкое и҆́го Гд҃не поне́съ, преподо́бне, гоне́нїѧ и҆ темни̑цы, скѡ́рби же и҆ ра̑ны на возраще́нїе вѣ́ры до́блественнѡ претерпѣ́лъ є҆сѝ.

Предѣ́лы є҆стества̀ престѹпи́въ и҆ къ бг҃овидѣ́нїю приступи́въ, просвѣти́лсѧ є҆си мы́слїю и҆ прїѧ́лъ є҆си дѹ́ха незави́стныѧ бл҃года́ти.

Во ропски лик си посакал да се облечеш за да ме избавиш од ропството на лукавиот; го песнословам Твоето милосрдие, Слово, собеспочетен на Отецот и соприсносуштен: слава на Твоето провидение.

Доаѓа Дева да Го роди Господа во пештера. Побрзајте, мудреци! Пастири, дојдете сега! Ангели, запејте песна од височините! Се јави избавувањето за луѓето.

Барајќи ме мене изгубениот, Човекољупче, и пештерите ги направи неплодни за разбојнички дела; сега во пештера си дошол за да се родиш денес од Дева, Владико; слава, Слово, на Твоето пришествие!

Канон на преподобниот.

Ирмос: **Нека се утврди моето срце во Твојата волја, Христе Боже, Кој си го утврдил второто небо над водите и земјата си ја основал на водите, Сесилен!**

Откако го понесе лесниот јарем Господов, преподобен, гонења и темници, жалости и рани за растење на верата, храбро си претрпел.

Откако Ги надмина границите на природата и кога пристапи кон Боговидението, си се просветил со мислата и си ја примил неисцрпната благодат на Духот.

на ѹтрени

Людей мѹсїйскихъ просвѣтилъ еси, во тмѣ предлежащихъ нечестїѧ, ѻтче, и храмъ содѣлалъ еси дѹха бжественными твоими ѹченьми.

Бгородичень: Горѹ тѧ проповѣдаша пророцы, дво, стамнѹ и трапезѹ, кадильницѹ златѹю и кївѡтъ ѡсвѧщенїѧ. Мы же ꙗкѡ бговмѣстившѹю скинїю восхвалѧемъ тѧ.

Инъ.

Ирмосъ: Твоѧ пѣснословцы Бце, живый и независтный источниче, ликъ себѣ совокѹпльшыѧ дховнѡ ѹтверди, въ бжественнѣй твоей славѣ вѣнцевъ славы сподоби.

Бжественный Наѹмъ споспѣшникъ бывъ иерарха Климента, къ славѧнѡмъ приспѣ и сїѧ просвѣти свѣтомъ проповѣданїѧ, егѡже ради и нынѣ спрославлѧетсѧ.

Сыны Авраамѹ ѿ каменїн, ꙗкоже глаголетъ Предтеча, славѧнскїй же родъ тобою воздвиже Гдь, Наѹме, иже и пребываѧ нынѣ, прославлѧетъ тѧ разѹмнѡ.

Людїе славѧнстїи сѣдѧще во тмѣ лютагѡ невѣрїѧ, тобою видѣша свѣтъ разѹма, тѣмже почитаютъ памѧть твою радостными пѣсньми.

Мизиските луѓе, кои престојуваа во сенката на безбожноста, си ги просветил, Оче, и си ги направил храм на Духот преку Твоите божествени ученија.

Богородичен: Тебе, Дево, пророците те проповедаа како гора, стомна и трпеза, златна кадилница и ковчег на осветувањето. Ние, пак, те прославивме како скинија која Го сместила Бога.

Вториот канон на преподобниот.

Ирмос: **Твоите песнословци, Богородице – жив и неисцрпен изворе, откако ќе ги собереш околу себе, духовно утврди ги и, во твојата божествена слава, со венците на славата удостој ги.**

Божествениот Наум, кој е помошник на јерархот Климент, дојде во народот мизиски и го осветли со светлината на проповедта затоа сега се прославува.

Науме, преку тебе, Господ го подигна родот словенски и од камења направи чеда Авраамови, како што вели Претечата, секој што е разумен, сега те прославува.

Словенските луѓе, кои седеа во темнината на тешкото неверие, преку тебе ја видоа светлината на разумот, преподобен, затоа го почитуваат твојот спомен со радосни песни.

на ѹ҆трени

Бг҃оро́дченъ: Тишины́ мѧ и҆спо́лни, Бц҃е, ве́дрость дѹшъ сѹщаѧ, и҆ ѹ҆толѝ волне́нїе всѣ́е борю́щихъ мѧ̀, и҆ въ глѹбинѹ̀ толкѹ́щихъ мѧ̀ и҆ въ а҆́довѹ про́пасть, Влады́чице.

Катава́сїѧ: Пре́жде вѣ́къ ѿ О҆ц҃а̀ рожде́нномѹ нетлѣ́ннѡ Сн҃ѹ, и҆ въ послѣ́днѧѧ ѿ Дв҃ы воплоще́нномѹ безсѣ́мен́нѡ Хр҃тѹ Бг҃ѹ возопі́имъ: вознесы́й ро́гъ на́шъ, ст҃ъ є҆сѝ Гдⷭ҇и.

Конда́къ предпра́здненства, гла́съ г҃.

Подо́бенъ: Дв҃а дне́сь

Дв҃а дне́сь превѣ́чное Сло́во въ верте́пѣ гражде́тъ роди́ти неизрече́нно: ликѹ́й, вселе́ннаѧ, ѹ҆слы́шавши, просла́ви со а҆́гг҃лы и҆ па́стырьми хотѧ́щаго ꙗ҆ви́тисѧ ѻ҆троча̀ мла́до, превѣ́чнаго Бг҃а.

І҆́косъ: Ѿ ѹ҆жа́снагѡ вои́стиннѹ и҆ па́че сло́ва чѹдесѐ! Є҆́же бы́ти Даѧ́й всѣ́мъ, ра́ди бл҃гости, во чре́во ст҃ы́ѧ Дв҃ы вни́де, и҆ въ верте́пѣ роди́тисѧ гражде́тъ, и҆ въ ꙗ҆́слехъ положи́тисѧ. Звѣзда́ же сего̀ проповѣ́дѹетъ свы́ше волхвѡ́мъ, и҆дѹ́щымъ на поклоне́нїе Є҆гѡ̀ съ да̑ры, и҆здале́ча привлача́щи со тща́нїемъ послѣ́дѹющыѧ Валаа́ма проречє́нїю, ре́кшагѡ: Звѣзда̀ хо́щетъ провозвѣсти́ти ѻ҆троча̀ мла́до, превѣ́чнаго Бг҃а.

Богородичен: Богородице, исполни ме со тишина, бидејќи си тивко пристаниште за душите, смири ја бурата од оние кои без причина се борат со мене и ме туркаат во длабочината и во пропаста на адот, Владичице.

Катавасија: На Синот, роден пред вековите од Отецот нетлено, а во последно време воплотен од Дева бессемено – на Христа, нашиот Бог – да Му запееме: Свет си, Ти, Господи, Кој го издигна нашето достоинство.

Кондак на претпразненство, глас 3.

Подобен: Дева денес

Дева денес доаѓа неискажливо да Го роди Превечното Слово во пештера. Ликувај, вселено, откако слушна! Прослави Го со ангелите и пастирите Оној Кој сака да се јави како младо дете – Превечниот Бог.

Икос: О, навистина страшно и неискажливо чудо: за да може да биде Оној Којшто дејствува во сè, заради добрината влезе во утробата на Светата Дева, и оди во пештера да се роди, и во јасли да се положи! Неговата ѕвезда, пак, Него од височините Го проповеда на мудреците коишто одеа да Му се поклонат со дарови, оддалеку привлекувајќи ги со брзање оние што го следеа пророченото од Валаама, кој рекол: „Ѕвезда ќе го претскаже малото дете – превечниот Бог".

на ѹ҆трѡ́ни

Сѣда́ленъ, гла́съ д҃.

Подо́бенъ: Ѹ҆дивѝсѧ і҆ѡ́сифъ

По́столѡвъ подража́тель, а҆рхїере́євъ пра́вило, преподо́бныхъ добро́та, сострада́лецъ страда́льцєвъ, безъ кро́ве ꙗ҆́кѡ мѹ́ченикъ вѣнча́лсѧ є҆сѝ, Наѹ́ме преподо́бне, лю́тыми бо скорбьмѝ ѡ҆бращáлсѧ є҆сѝ, носѧ̀ Хр҃та̀ бж҃е́ственное и҆́мѧ и҆ дерзнове́нно всегда̀ проповѣ́дѹѧ Тро́ицы та́нство, є҆́же и҆ моли́тисѧ не преста́й ѡ҆ восхвалѧ́ющихъ тѧ̀.

Сла́ва, и҆ ны́нѣ, предпра́здненства, гла́съ а҃.

Подо́бенъ: Гро́бъ тво́й, Сп҃се

А́дѹйсѧ, Сїѡ́не, Видлее́ме, ѹ҆краси́сѧ, всѣ́хъ Содержи́тель ѕвѣздѹ̀ предпосла́въ, возвѣсти̑ Своѐ безмѣ́рное схожде́нїе: є҆го́же бо трепе́щѹтъ небє́сныѧ си̑лы, Се́й раждáетсѧ ѿ Дѣ́вы непревра́щнѡ, є҆ди́ный Бг҃ъ на́шъ.

Пѣ́снь д҃.

І҆рмо́съ: Ѿ Дѣ́вы пришествїе Твоѐ прови́дѧ А҆ввакѹ́мъ, ѹ҆жа́сѧ вопїѧ́ше: ты̀ ѿ ю҆́га, воплоща́ѧсѧ, прише́лъ є҆сѝ, И҆зба́вителю, А҆да́ма ѿрнове́ннаго воззва́ти.

Седален, глас 4.

Подобен: Јосиф се зачуди

одражател на апостолите, правило на архијереите, добрино на преподобните, сострадалник со страдалниците, без крв си се овенчал како маченик зашто со тешки маки ти си беседел, носејќи Го Христово-то божествено Име и постојано проповедајќи ја смело тајната на Света Троица, не престанувај да Ѝ се молиш, Науме, за оние кои ти пеат.

Слава, и сега, на претпразненство, глас 1.

Подобен: Гробот Твој

адувај се, Сионе! Витлееме, украси се! Седржителот, откако ја испрати ѕвездата, го најави Своето неизмерно слегување зашто од Него треперат небесните сили; Он се раѓа од Дева непроменливо, единствениот Бог наш.

Песна 4.

Ирмос: Предвидувајќи го Твоето пришествие од Дева, Авакум, ужасувајќи се, извикуваше: Ти, воплотувајќи се од југ си дошол, Избавителу, отфрлениот Адама да го повикаш.

на ѹ҃трени

Свѣтозарный ѻ҃блакъ грѧдетъ, возсїѧти Хр҃та ѝзъ мт҃рнихъ ложеснъ, правды Сл҃нце, всю землю лѹчами бж҃твенными просвѣщающаго.

Бг҃ъ человѣкѡмъ ѩвисѧ подобенъ, ѝ ѡбнищаваетъ плотїю, да насъ ѡбогатитъ, ѝ въ вертепѣ раждаетсѧ: сего вѣрнїи чистымъ сердцемъ подимемъ.

Се Хр҃тосъ во градѣ раждаетсѧ Виѳлеемѣ, ѩкѡ да Ѐдемъ намъ ѿверзетъ, преслѹшанїемъ первѣе ѕмїѧ ѡкраденїѧ заключенный, бж҃твеннѡ торжествѹимъ.

Инъ.

Ірмосъ: Дѹхомъ провидѧ, пророче Аввакѹме, Словесе воплощенїе, проповѣдалъ ѐси вопїѧ: Внегда приближитисѧ лѣтѡмъ, познаешисѧ, внегда прїити времени, покажешисѧ. Слава силѣ Твоей, Гдн.

Се твоемѹ проповѣданїю внѧша ѩзыцы каменосердечнїи ѝ познаша Бг҃а, ѩкоже ѝсполнитисѧ всемѹ разѹма Бж҃їѧ, ѩкоже пишетъ Исаїа. Тѣмже твою памѧть славимъ.

Мѹдрости Премѹдрагѡ полнъ ѩвивсѧ, мѹсїйскихъ грѹбыхъ людей наѹчилъ ѐси почитати Тр҃цѹ лицы, ѐдинаго же Бг҃а ѐстествомъ, неизмѣннѡ ѝ неслитнѡ ѡбедненнаго, слава Томѹ взывающихъ.

Светиот облак доаѓа да засвети од мајчината утроба, Христос – Сонцето на правдата, Кој сета земја со божествените зраци ја просветува.

Бог се јави сличен на луѓето и се осиромашува со телото за да нѐ обогати нас и во пештера се раѓа. Него, верници, со чисто срце да Го подигнеме.

Божествено да торжествуваме! Еве, Христос се раѓа во градот Витлеем за да ни го отвори рајот заклучен поради првата непослушност преку кражбата од змијата.

Канон на преподобниот.

Ирмос: Предвидувајќи го со духот воплотувањето на Словото, пророче Авакуме, си проповедал, извикувајќи: –Кога ќе се приближи годината, ќе се појавиш. Кога ќе дојде времето, ќе се покажеш. Слава на Твојата сила, Господи!

Ете, на твоето проповедување внимаваа народите со скаменети срца и Го познаа Бога за да се исполнат со разум Божји, како што пишува Исаија. Затоа го славиме твојот спомен.

Откако се покажа исполнет со мудроста од Премудриот, си ги научил грубите мизиски луѓе да Ги почитуваат лицата на Троица, на еден Бог по природа, неизменливо и неслиено обединети; слава Нему Му извикуваа.

На утрени

Мо́ре безбо́жїѧ возмути́лъ є̑сѝ по проро́ку ꙗ́коже конь богоизбра́нный, мꙋ́дре Наꙋ́ме, и человѣ́кѡвъ во глꙋбинѣ̀ невѣ́рїѧ пла́вающихъ ꙗ́коже ры́бы извле́клъ є̑сѝ, сла́ва Го́сподꙋ вопїю́щихъ.

Бг҃оро́дичнъ: Вои́стиннꙋ ѡ̑свѧще́нъ показа́лсѧ є̑сѝ Бг҃ꙋ хра́мъ и̑ пала́та, Дѣ́во Марі́е; того̀ ᲂу҆̀бо ᲂу҆мили́остиви ка́ла грѣхо́внагѡ на́съ ѡ̑чи́стити, ꙗ҆́кѡ да до́мъ пока́жемсѧ и̑ жили́ще Дꙋ́ха.

Ѝнъ.

І҆рмо́съ: Сѣдѧ́й въ сла́вѣ на пр҃то́лѣ Бж҃тва̀, во ѻ҆блацѣ̀ ле́гцѣ прїи́де І҆и҃съ пребж҃твенный, нетлѣ́нною дла́нїю, и̑ спасѐ зовꙋ́щыѧ: Сла́ва, Хр҃тѐ, си́лѣ Твое́й.

Ꙗ҆́кѡ сто́лпъ вѣ́ры недви́жимый показа́лсѧ є̑сѝ, и̑скꙋше́ньми никакоже смꙋща́емь дꙋ́хомъ и̑ въ многообра́зныхъ ѡ̑слобле́нїихъ враща́лсѧ є̑сѝ, врагѡ́мъ Дꙋ́ха противꙋстоѧ̀.

Вѣтї́йствꙋѧ велѝчїѧ Бж҃їѧ предъ лице́мъ ꙗ҆зы́къ и̑ царе́й, ри́торѡвъ лю́тое загради́лъ є̑сѝ блѧдосло́вїе простото́ю сло́ва, благоче́стїе же и̑ Хр҃то́вꙋ сла́вꙋ ᲂу҆ѧсни́лъ є̑сѝ.

Ꙗ҆́кѡ а҆пⷭ҇лъ печа́ль всѧ́кꙋю претерпѣ́лъ є̑сѝ за бл҃гоче́стїе тѣ́мже всѧ́кꙋю печа́ль ѿженѝ ѿ на́съ, твою̀ па́мѧть соверша́ющымъ.

Морето на безбожноста си го заматил, според пророкот, како богоизбран коњ, мудри Науме, и луѓето што пливаа во длабочините на неверението како риби си ги извлекол; слава на Господа Му пееја.

Богородичен: Навистина, осветен храм и палата на Бога си се покажала, Дево Марие, затоа Него умилостиви Го да нѐ очисти од гревовната кал за да се покажеме дом и живеалиште на Духот.

Вториот канон на преподобниот.

Ирмос: **Оној што седи во славата, на престолот од Божеството – најбожествениот Исус, дојде на лесен облак и со нетлената рака ги спаси тие што викаат: Слава, Христе, на Твојата сила.**

Оче, како вистински столб на верата си се покажал во искушенијата, никако не паѓајќи со духот и преку различни маки си беседел, спротивставувајќи им се на непријателите на духот.

Прославувајќи ги Божјите величија пред цареви и народи, си ги уништил лошите шеги на ораторите со едноставни зборови; побожноста, пак, и Христовата слава си ги разјаснил.

Како апостол, како проповедник, си претрпел секаква мака за побожноста, затоа те молиме, преподобен, секоја мака и болка изгони ја од нас кои го празнуваме твојот спомен.

на утрени

Бгородичен: Вжилѝ оумѝ моегѡ̀ движе́нїѧ, Бгома́ти, и҆ дꙋшѝ моеѧ̀ чꙋвства просвѣтѝ, Чи́стаѧ, и҆ си́льна на враги́ мѧ содѣ́лай, да зовꙋ́ ти: Сла́ва, Дв҃о, рождествꙋ̀ твоемꙋ̀.

Катава́сїѧ: Же́злъ и҆з̾ ко́рене Ї҆ессе́ова, и҆ цвѣ́тъ ѿ негѡ̀ Хр҃тѐ, ѿ Дв҃ы прозѧ́блъ є҆сѝ и҆з̾ горы̀ хва́льный, прїѡсѣне́нныѧ ча́ши, пришелъ є҆сѝ вопло́щьсѧ ѿ неискꙋсомꙋ́жныѧ невеще́ственный и҆ Бж҃е: сла́ва си́лѣ Твое́й, Гдⷭ҇и.

Пѣ́снь є҃.

Ї҆рмо́съ: Къ тебѣ̀ оу҆тренюю, бл҃гоꙋтро́бїѧ ра́ди, Себѐ и҆стощи́вшемꙋ непрело́жнѡ, и҆ зра́къ раба̀ ѿ Дв҃ы носи́вшемꙋ, Сло́ве Бж҃їй. Ми́ръ пода́ждь мѝ па́дшемꙋ, Чл҃вѣколю́бче.

Се́рдце всѧ́кое земноро́дныхъ да и҆гра́етъ, да весели́тсѧ тва́рь: Гдⷭ҇ь раждаетсѧ и҆зъ Ѻ҆троковѝцы чⷭ҇тыѧ въ верте́пѣ Вѝдлеемстѣ́мъ, и҆ волсвѝ Томꙋ̀ прино́сѧтъ да́ры достѡ́йныѧ.

Лю́дїе дре́вле въ сѣ́ни сме́ртнѣй сѣдѧ́щїи, оу҆зрите свѣ́тъ ва́мъ возсїѧ́вшїй ѿ Дв҃ы, и҆ мно́гагѡ дꙋшесла́достїѧ и҆спо́лнитесѧ, ѡ҆бнищѧ́вшаго Сло́ва велича́юще при́снѡ.

Богородичен: Богомајко, изгори ги лошите мисли од мојот ум и просвети ги чистите чувства на мојата душа и покажи ме силен пред моите непријатели за да ти викам: „Дево, слава на твојата рожба".

Катавасија: Како жезол и цвет од коренот на Јесеја, од нас фален Христе, Ти си процветал од Дева – засенетата Гора; си дошол воплотен од немажена девојка, невештествени Боже! Слава на Твојата сила, Господи.

Песна 5.

Ирмос: Ти, Кој вистински се понижи Себеси поради милосрдие, и лик на слуга прими од Дева, Слово Божјо, кај Тебе подранувам. Мир дај ми, Човекољупче, на мене паднатиот!

Нека заигра секое срце од земнородените, нека се веселат созданијата; Господ во пештерата Витлеемска се раѓа од чиста Девојка и мудреците Нему дарови достојни Му принесуваат.

Луѓе, вие коишто некогаш седевте во смртна сенка, видете ја светлината што ви засвети од Дева и со голема душевна наслада исполнете се, величејќи Го постојано Словото Коешто се понижи.

на утрени

Въ малѣмъ вертепѣ градеши вмѣститися, невмѣстиме естествомъ: ꙗкѡ да мѧ ѹмалившагосѧ преступленіемъ, возвеличиши за милость безмѣрнѹю. Покланѧюсѧ Твоемѹ благоутробію, долготерпѣливе.

Инъ.

Ирмосъ: Свѣтлый намъ возсіѧ свѣтъ присносѹщный, ѹтреннюющымъ ѡ сѹдьбахъ заповѣдей Твоихъ, Владыко Человѣколюбче, Христе Боже нашъ.

Новый апостолъ былъ еси, Отче, седмидесѧти ѹподобленный, послѣдѹѧ Медодію, ꙗкоже Павлѹ, проповѣди возвѣщающемѹ таинство.

Пріѡбрѣтеніе благодати воистиннѹ ꙗвилсѧ еси по избранію, мѹдре, ꙗкоже древле пророкъ богодѹхновенный, первый Наѹмъ, егѡже и имѧ добрѣ ѹнаслѣдовалъ еси.

Возлюбилъ еси Христа паче силы ѿ сердца твоегѡ, ѿ мысли же и дѹши твоеѧ, преподобне. Тѣмже паче нынѣ Емѹ возлюбилсѧ еси и славы сподобилсѧ еси.

Богородичень: Преложеньми насильными ѡбѹреваюсѧ и ѡбстоѧнныи и дальными безпредѣльствіи, Владычице. Ко пристанищѹ твоемѹ приведи мѧ, ꙗже безнадежныхъ надежда.

Ти, Кој си несместлив по природа, од неизмерна милост доаѓаш во мала пештера да се сместиш за да ме возвеличиш мене кој сум смален поради престапот. Се поклонувам на Твоето милосрдие, Долготрпелив!

Канон на преподобниот.

Ирмос: **Ни засвети светлина, вечната Светлина, нам кои подрануваме за судбините на Твоите заповеди, Владико Човекољупче, Христе, Боже наш!**

Нов апостол си бил, оче, сличен на седумдесетте, придружувајќи го Методиј како Павле, кој ја објави тајната на проповедта.

Мудар, според изборот, навистина си се јавил како наоѓалиште на благодатта како некогаш Боговдахновениот пророк – првиот Наум, чиешто име достојно си го наследил.

Си Го возљубил Христа со сета сила на твоето срце, а и со мислите и со душата твоја, преподобен. Затоа, сега Нему си Му се намилил и со слава си се удостоил.

Богородичен: Со насилни промени се борам, и опсади, и бескрајни далечини, Владичице. Кон твоето пристаниште приведи ме ти, којашто си надеж на безнадежните.

на утрени

Инъ.

Ирмосъ: Оужасошася всяческая ѡ божественнѣй славѣ твоей, ты бо неискусобрачная Дево, имѣла еси во утробѣ надъ всѣми Бога, и родила еси безлѣтнаго Сына, всѣмъ воспѣвающымъ тя миръ подавающая.

Слышатель присный былъ еси премудрыхъ оучений божественнаго Меѳодіа, Панонію порождшаго божественнымъ крещеніемъ и писаній божественныхъ преданьми, егоже нрава поревновалъ еси.

Краснѣ нозѣ твои быша, гласнымъ проповѣданіемъ божественнаго Евѳеліа ѡбтекша страну многокружную и претыкающихся каменіемъ въ нощи невѣріа къ свѣту божественному возводящіа.

Обновивше землю мусійскую, преподобне, ѡбаче ю ты оубо и Климентъ же божественный, догматы въ ней всѣявше, и нынѣ пріемлете плодъ божественное разумѣніе и лѣтніа пѣсни.

Богородиченъ: Оувѣнчай насъ, Владычице, якоже оружіемъ благоволенія, щедротами твоими, помощьми и заступленьми окрестъ бо жизни нашеа нещаднѣ ѡполчися злыхъ соборище.

Вториот канон на преподобниот.

Ирмос: Целиот свет ѝ се чудеше на твојата божествена слава, зашто ти – неискусобрачна Дево, си Го имала во утробата Оној Кој е Бог над сите и си Го родила вечниот Син, Кој им дава мир на сите оние што тебе те воспеваат.

Мудар, си бил искрен слушател на премудрото учење на божествениот Методиј, кој ја препороди Панонија со божественото крштение и со преводот на божествените писанија, си го следел неговиот карактер.

Твоите красни нозе беа во силна проповед на божественото Евангелие, обиколувајќи многу земји и јасно водејќи ги кон божествената светлина оние кои се препнуваа во ноќта од каменот на неверието.

Преподобен, откако се подготвивте, земјата ја обиколивте. Зашто ти и божествениот Климент насеавте во неа догмати, и сега примате плод на божествен разум и годишни пеења.

Богородичен: Владичице, овенчај нѐ нас со оружје на добра волја, оградувајќи нѐ со твоите милости, помагања и застапништва зашто околу нашиот живот беспоштедно се намножи соборот на злите.

на ѹ́трени

Катава́сїа: Бг҃ъ сы́й ми́ра, О҆ц҃ъ щедро́тъ, вели́каго совѣ́та Твоего̀ а҆́гг҃ла, ми́ръ подава́юща посла́лъ є҆сѝ на́мъ: тѣ́мъ бг҃оразꙋ́мїѧ къ свѣ́тꙋ наста́вльшесѧ, ѿ но́щи ѹ҆́тренююще, славосло́вимъ Тѧ̀, Чл҃вѣколю́бче.

Пѣ́снь ѕ҃.

І҆рмо́съ: Бе́здна послѣ́днѧѧ грѣхо́въ ѡ҆бы́де мѧ̀, и҆ волне́нїѧ не ктомꙋ̀ терпѧ̀, ꙗ҆́кѡ І҆ѡ́на, вл҃цѣ вопїю́ Ти: ѿ тли́ мѧ возведѝ.

Зако́нѡвъ Тѧ̀ дв҃а плотски́хъ кромѣ̀, Гдⷭ҇и, прихо́дитъ роди́ти въ верте́пѣ, и҆ во ꙗ҆́слехъ пло́тїю восклони́ти, ꙗ҆́кѡ мл҃нца.

Стра́нна мѧ̀ бы́вша ѿ Бг҃а престꙋпле́ньми, Пребж҃твенный, рожде́йсѧ ѿ О҆троковицы неискꙋсобра́чныѧ, ми́лости ра́ди, граждани́на нб҃наго ꙗ҆влѧ́етъ.

Го́ры же и҆ хо́лмы и҆ ѹ҆дѡ́лїѧ возвесели́тесѧ: Гдⷭ҇ь бо пло́тїю раждае́тсѧ, ѡ҆бновлѧ́ѧй тва́рь, и҆стлѣ́вшꙋю лꙋка́выми престꙋпле́ньми.

Йнъ.

І҆рмо́съ: Прро́ка І҆ѡ́нꙋ подражаѧ́ вопїю̀: Живо́тъ мо́й, Бла́же, свободѝ и҆зъ тлѝ и҆ спасѝ мѧ, Сп҃се ми́ра, зовꙋ́ща: Сла́ва Тебѣ́.

Катавасија: Како Бог на мирот и Отец на штедроти, Ти ни Го испрати Твојот ангел на Великиот Совет, Кој мир ни дарува. Затоа, водени кон Светлината на богопознанието, од ноќта подранувајќи Те славиме, Човекољупче.

Песна 6.

Ирмос: Смртната бездна од гревови ме обви и, не можејќи веќе да ги трпам бранувањата, како Јона кон Господа, Ти извикувам: – избави ме од погибел!

Надвор од телесните закони, Господи, Дева приоѓа да Те роди во пештера и во јасли со телото да Те засолни како младенец.

Мене, кој сум отуѓен од Бога поради престапите, Пребожествениот, од милост, раѓајќи се од неискусобрачната Отроковица, ме прави небесен граѓанин.

Гори, и ридови, и долини, развеселете се, зашто Господ со тело се раѓа, обновувајќи ги созданијата што изгнија поради лукавите престапи.

Канон на преподобниот.

Ирмос: Поддржувајќи го пророкот Јона, извикувам: –Благи, ослободи го мојот живот од погибелта и спаси ме, Спасителу на светот, мене кој Ти велам: „Слава Ти!"

На утрени

Оученикъ четверицу исполнилъ еси проповѣдникъ Христовыхъ и мудрыхъ тайноводцевъ славянскаго рода, Кирилла же и Меѳодія.

Прогнани бысте далече, таинницы и тайноводцы, претерпѣсте темницы и ранени бысте, пронзшестыя ради Духа Святаго бѣдствующе.

Спѣшиши пути дальныя съ Кирилломъ и Меѳодіемъ ѿ сѣвера даже до Рима, трудомъ ихъ общася, Мусійскаго множества же послѣжде просвѣтилъ еси.

Богородичень: Ѿ лютаго заблужденія свободи насъ, и страстей искушеній и всяческихъ бѣдъ, Всенепорочная, и ѿ всякаго вреда скорѡ исхити.

Инъ.

Ирмосъ: Возопи, прообразуя погребеніе тридневное, пророкъ Іона, въ китѣ молася: ѿ тли избави мя, Іисе Царю силъ.

Слово богодухновенное на тебѣ исполнися, во всю бо землю славянскую изыде вѣщаніе твое и даже до концевъ твои глаголи.

Ѿ конецъ сѣвера до конецъ запада въ морехожденіе положше, блаженніи, въ Римъ внидосте Новый завѣтъ возвѣстити.

Четворно си исполнил сè како ученик на Христовите проповедници Кирил и Методиј и мудри водачи во тајните на родот словенски.

Далеку бевте прогонети, свештенотајници и тајноводители; претрпевте затвори и бевте ранети, страдајќи во беда поради происходењето на Светиот Дух.

Брзаше по далечните патишта со Кирила и Методија, од север, па дури до Рим, учествувајќи во нивните тешкотии, а потоа и Мизијците си ги просветил.

Богородичен: Сенепорочна, ослободи нè од лутата заблуда, и од страдањата, и од искушенијата и од секакви опасности, и од секаква пакост извлечи нè.

Вториот канон на преподобниот.

Ирмос: **Пророкот Јона, предобразувајќи го тридневното погребение, во китот молејќи се, повика: Од гибел избави ме, Исусе, Цару на силите (небесни).**

И во тебе се исполни божественото слово зашто во целата словенска земја потече твојата божествена проповед и твоите зборови, дури до краиштата (на вселената).

Блажен, патувајќи по море од северните до западните краишта, влеговте во Рим да го соопштите Новиот завет.

На утрени

Храмъ божественный и Божіе честное жилище ѿ юности сый богоносе Наꙋме, и мене твоими молитвами пріятелище сотворѝ Духа.

Богородичен: Что̀ бꙋдꙋ, ѿвсю́дꙋ всегда̀ ра́тꙋемь. Ты́ ми коне́цъ прибѣ́жища бꙋди, Богоневѣ́стнаѧ, обѝдимыхъ по́моще неѡборимаѧ.

Катава́сіѧ: Ѝз оу̀тро́бы Ѡ҆ѡ́нꙋ младе́нца ѝзблева̀ морскій ѕвѣ́рь, ꙗ҆кова̀ пріѧ́тъ: въ Дѣ́ꙋ же всѣ́льшеесѧ Сло́во, и плоть пріе́мшее про́йде сохра́ньшее нетлѣ́нꙋ: є҆гѡ́же бо не пострада̀ ѝстлѣ́ніѧ, ро́ждшꙋю сохранѝ невреждѐннꙋ.

Конда́къ, гла́съ г҃.

Подо́бенъ: Дѣ́ва дне́сь

Свѣ́тлыхъ пѡ́двигъ твои́хъ всечестна́ѧ па́мѧть, ꙗ҆коже ве́ліе со́лнце всѣ́мъ возсіѧ́ющи, ли́ца тѧ̀ воспѣва́ющихъ просвѣща́етъ, бѣ́сы же и всѧ́къ недꙋгъ ѿгонѧ́етъ. Сегѡ̀ ра́ди сошедшесѧ, любо́вію сію̀ вѣ́рнѡ восхвалѧ́емъ.

Ікосъ: О҆те́цъ на́шъ Наꙋмъ велича́йшій предста́тель и свѣти́льникъ ꙗ҆́сный ꙗ҆ви́сѧ дне́сь. Пріиди́те стеце́мсѧ, Мѵсі́йскаѧ мно́жества, томꙋ возра́дꙋемсѧ: се́й бо всѣ́хъ на́съ просвѣти́ и тмꙋ̀ пре́лести разгна̀. Се́й по

Богоносен Науме, уште од младоста си бил божествен храм и чисто Божјо живеалиште; направи ме и мене, преку твоите молитви, стан на Светиот Дух.

Богородичен: Што ќе биде со мене, кој војувам насекаде; Богоневесто, ти биди ми последно засолниште зашто си несоборлива помошница на немоќните.

Катавасија: Морскиот ѕвер го исфрли Јона од својата утроба, каков што го прими; и Словото, Кое се всели во Дева и од неа прими тело, низ неа мина и, онаа што Го родила без да претрпи распаѓање, ја сочува нетлена и неповредена.

Кондак, глас 3.

Подобен: Дева денес

Светлите подвизи на твојот пречесен спомен, како големо сонце што свети, ги просветува лицата на тие што те слават, бесовите, пак, и секоја болест ги изгонува. Заради тоа, доаѓајќи со љубов, достојно да го прославиме.

Икос: Нашиот отец и голем застапник и светол просветител, Наум, се јави денес. Дојдете да се собереме мноштво Мизијци, радувајќи се на ова зашто тој сите нас нè просвети, и ја разурна темнината на прелеста. Тој во стапките Христа го следеше и се предаде себеси на благопријатна

столпамъ Христу послѣдова и жертву себѣ благопріятну предадѣ. Сей и досточудную свою память же и праздникъ учрежденіе духовное всѣмъ вѣрнымъ нынѣ предлагаетъ, юже любовію всѣ вѣрнѣ восхваляемъ.

Пѣснь 3.

Ірмосъ: Отроцы въ Вавилонѣ пещнаго пламене не убоявшася, но посредѣ пламене ввержени, ѡрошаемии поахху: Благословенъ еси Гдн, Боже отецъ нашихъ.

Какѡ та малѣйшій, слове подиметъ вертепъ; нищетою многою нищету Адамову ѿемшаго, и богатствомъ божественныя благодати человѣки ѡбогатившаго.

Глаголы странныя пастыріе слышавше, потщашася Виѳлеемъ видѣти, и въ ꙗслехъ безсловесныхъ, разрѣшающаго безсловесія всѧ человѣки, возлежащаго.

Уусты же и сердцемъ, плотію приходящаго родитися Христа, въ вертепѣ ѿ Дѣвы Отроковицы, пѣснословити потщимся, и вѣрнѣ поклонимся.

Инъ.

Ірмосъ: Сущымъ въ пещи отрокомъ Твоимъ, Спсе, не прикоснуся, нижѣ стужи огнь. Тогда тріе ꙗкѡ единѣми уусты поахху и благословляхху глаголюще: благословенъ Бгъ отецъ нашихъ.

жртва. Тој и сега на неговиот славен спомен и празник на сите верници им приредува духовен пречек. Него со љубов сите достојно да го прославиме.

Песна 7.

Ирмос: Момчињата во Вавилон не се уплашија од пламенот на печката, но фрлени во средината на огнот, оросени пеја: –Благословен Си Господи, Боже на татковците наши.

Како ќе те смести малата пештера, Слово, Тебе, Кој преку големото осиромашување го одзеде Адамовото сиромаштво и со богатството на божествената благодат ги обогати луѓето.

Пастирите, кога ги слушнаа страшните зборови, побрзаа да го видат Витлеем и Легнатиот во јаслите на бесловесните (животни), Кој ги разрешува сите човечки неразумности.

А устите и срцата да ги побрзаме да песнослават за Христа, Кој доаѓа во пештера да се роди со тело, од Дева отроковица, и достојно да Му се поклониме.

Канон на преподобниот.

Ирмос: Спасителу, до Твоите момчиња, коишто беа во печката, не се допре, ниту, пак, ги вознемири огнот. Тогаш, тројцата, како со една уста пеја и благословуваа, велејќи: – Благословен е Бог на татковците наши.

Дѣйствуй чудеса Бгъ спасй тѧ чудеснѣ ѿ варварскїѧ темницы со странники, внезапу разрѣшшымсѧ оузамъ рукъ и ногъ.

Вкушеньми божественныхъ оученїй былъ еси оучитель людей, ко злу подвижныхъ, измѣненьми же божественными сихъ ѡбдѣлалъ еси вмѣсто звѣрей въ богонаученнаѧ овчата кроткаго Христа.

Колесница Гдня явилсѧ еси, Науме преподобне, имѧ Христово носѧ по Писанїю предъ лицемъ многихъ языкъ и царей прославлѧѧ же дѣѧньми и ѿ Него славно прославлѧемь.

